**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Седумдесет и седмата**
**седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 28 септември 2004 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 10,00 часот.

На седницата претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пред да почнеме и за да обезбедиме кворум дозволете и денеска имаме пријатно задоволство на пратеникот Марија Којзеклиска да и го честитам роденденот, и да ја продолжиме традицијата.

Повелете

(Роденденот на пратеникот Марија Којзеклиска и го честита со песната Блу, мун сина месечина, или тажна месечина).

Благодарам. Тоа беше песната Блу мун од Дејви Холидеј. Може да се преведе како сина месечина или тажна месечина. Јас претпочитувам сина месечина, затоа што тажна месечина премногу би било тажно.

Дали имаме кворум за работа?

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата.

Почитувани пратеници продолжуваме со работа по Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Каролина Ристова, Весна Борозан, Ангелка Пеева-Лауренчич, Соња Лепиткова, Хисни Шаќири, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Чедомир Краљевски, Коце Трајановски, Ванчо Георгиев, Али Ахмети, Ганка Самоиловска-Цветанова, Мендух Тачи, Андреј Жерновски и Теута Арифи, ме изведстија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по точката 13.

Претресот по Предлогот за донесување на закон е заклучен, а тоа е Законот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем и финансирање, намнет за забрзување на развојот на мали и средни претпријатија во Република Македонија, кој ќе се склучи помеѓу Македонската банка за поддршка на развојот и Кредитната банка за обнова и развој од СР Германија, со Предлог на закон.

Бидејќи претресот е заклучен ни останува гласањето, но сеуште немаме обезбедено кворум.

(Некои пратеници влегуваат во салата.

Ги молам службите да утврдат колку воопшто се запишале на списокот.

(Службите проверуваат колку се запишале)

Господине Иванов имате процедурално или нешто друго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Сакам да се изјаснам како ќе гласам.

ЉУПЧО ЈОРДАОВСКИ:

Претресот е заклучен околу таа работа.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Не претресот, како ќе гласам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Но, господине Иванов, можевте да го кажете во текот на расправата , а претресот е затворен.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Добро,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе имате можност господине Иванов по текстот на Законот да се изјасните. Ќе имаме расправа по текстот на законот.

Ве молам службите уште еднаш да пребројот колку пратеници се присутни во салата бидејќи мислиме дека има 61 пратеник од она што од овде може да се утврди.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Во салата се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок?

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем и финансирање наменет

за забрзување на развојот на мали и средни претпријатија на Република Македонија кој ќе се склучи помеѓу Македонска банка за поддршка на развој и Кредитната банка за обнова од СР Германија.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници.

56 гласале за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници.

59 гласале за, нема воздржан, 1 против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 и на член 4 став 1, 4 и 5 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандамни на член 2 и на член 4 став 1 и 5 со кои се согласил повереникот на Владата.

Овие амандмани се суштински исти со амандманите на Законодавно-правната комисија и по нив нема да водиме претрес.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор?

За збор се јави пратеникот Емилија Костадинва, а потоа нека се подготви и пратеникот Љубисав Иванов - Ѕинго.

Повелеге госпоѓо Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам претседателе,

Почитувам претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Јас ќе бидам сосема кратка се со цел оваа точка да не помине така незабележено и во собирање и чекање да се обезбеди кворум.

Еве, постојано да не ја критикуваат оваа Влада дека министри на економијата пред некој ден премиерот посети некои претпријатија во Западниот дел на Македонија, а како продолжение на оваа седница ја имаме точката за расправа, односно Предлог закон кој што е токму во функција на поттикнување на развојот и економијата. Имено, и една од попријатните точки што ја имавме на последната седница на Комисијата за финансирање и буџет а која што доби едногласна поддршка и од членовите на позицијата и од членовите на опозицијата е токму таа, а колку што се сеќавам и на петочната седница пратеникот Љубисав Иванов Ѕинго токму поради значето на оваа точ ка бараше оваа точка да биде понапред на дневниот ред на оваа собраниска сесија.

Предлогот на законот за обврските на Договорот за заем и финансирање Наменет за забрзување на развојот на мали и средни претпријатија во Република Македонија кој ќе се склучи помеѓу Македонската банка за обнова и развој и Кредитната банка за обнова од СР Германија е краток, јасен и без некои посебни забелешки на текстот, па затоа треба да го прифатиме се со цел што побрзо да можат да се користат средствата што Кредитната банка за обнова од Франкфурт на Мајна ќе и ги стави на располагање на Меѓународната банка за поддршка на развојот од Република Македонија, а чија што гаранција ќе биде државата односно Република Македонија и кои што средства ќе се враќаат од Буџетот ако Меѓународната банка во определениот рок не ги враќа кредитните средства.

Имено, се работи за долгорочен кредит кој што под многу поволни услови и се дава на Меѓународната банка за поддршка на развојот а која што преку деловните банки ќе треба да се пласираат до малите и средни претпријатија. Во едно пазарно стопанство, какво што постепено го градиме претприемачкиот дух и иницијативата ни се повеќе од потребни, па затоа во функција на нивна поддршка оваа кредитна линија ќе биде добредојдена.

Самиот текст на договорот за заем и финансирање, потоа краткиот текст на Предлогот на законот и образложението по истиот во функција на запознавање и на нас пратениците и на пошироката јавност се работи за кредит во износ од 6.185.000 евра и 832 илјади донација од Банката од СР Германија.

Како што веќе напомна заемот се дава под многу поволни услови и во функција на тоа да слушне и пошироката јавност со рок на отплата 40 години, грејс период од 10 години, враќање во еднакви полугодишни ануитети, а вкупните средства на заемот ќе се користат во две транши, од кои што првата транша е на

износ од 1.072.000 евра и со многу ниска односно поволна каматна стапка од 0,75% годишно.

Втората транша е во износ од 5.113.000 евра и каматна стапка од 2% годишно.

Во случај ако по три месеци од потпишувањето на договорот не се повлечат средствата тогаш на истите ќе плаќаме камата од 0,25% годишно. За доспеаните а неплатени ануитети ќе се плаќа затезна камата во висина на основната камата во зависност од која транша е која што ќе биде зголемена со 3% годишно, што значи дека многу поповолно е тие средства веднаш да се ефектуираат односно да се повлечат.

Првиот ануитет доспева за плаќање на 30 декември 2014 година, во износ од 141.000 евра, а последниот на 30 декември 2044 година во истиот износ, бидејќи спомнавме дека се во еднакви полугодишни ануитети.

Како што се гледа средствата до тогаш ќе ги користиме и ако ги плаќаме редовно ануитетните се многу поволни.

Грантот од 832.000 евра од Владата на СР Германија ќе треба да биде наменет за консултантски услуги и обука на кредитните референти во деловните банки кои што ќе работат на пласирање на средствата, потоа да се воведе посебен софтвер за следењет на кредитите и слично. Дотука навистина е се поволно и прифатливо.

Единствена дилема што ми се јавува е под кои услови деловните банки понатаму ќе ги пласираат средствата токму до тие за кои се наменети малите и средни претпријатија. За ова прашање во текстот на Предлогот на законот не е регулирано, ниту во самото образложение.

Да не ни се случи условите драстично да се изменат понатаму кога средствата треба да се пласираат до крајните корисници во смисла на тоа да се даде мал грејс период, краток рок на отплата и зголемена каматна стапка и слично, па тие средства да станат неатрактивни и тешко достапни до малите и средни претпријатија што значи и да ја изгубат својата основна функција за која што и ќе се повлече овој креддит.

Инаку идејата за скратување на роковите и грејс периодот е во функција на тоа да се формира посебен фонд од кој повторно ќе се пласираат средствата е сосема прифатлива и оправдана се со цел тие да бидат достапни до повеќе корисници и долгорочно, а практично преку тој фонд ќе се исплати и самиот заем.

Од причина што и текстот на Предлогот на законот е краток, јасен и прецизен, сметам дека ова мое искажување е сосема доволно во функција на прифаќање на Предлогот на законот за гаранција на обврските на Република Македонија во договорот за заем и финансирање наменет за развој на малите и средните претпријатија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Иванов, имате збор.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Благодарам господине претседателе,

Колешката претходен дискутант доста кажа околу условите под кои се дава овој заем и јас не би ги повторувал, меѓутоа веднаш на почетокот би искажал една голема благодараност према оваа држава СР Германија која досега безброј пати на Македонија и помогна, и одобри многу грантови и многу кредитни линии под исклучително поволни услови. Тоа не би требало да го заборавамe, тоа треба да го потенцираме, да го кажеме, па ако сакате и во образложението на ваквите закони тоа треба да го чиниме, покрај Холандија ова е земја втора која што на Македонија со вакви средства под исклучително поволни услови ги пласира во нашата држава.

Меѓутоа, таму каде што заврши претходниот пратеник јас би сакал да продолжам. Ние имаме безброј кредитни линии кои не се користат во Македонија. Имате од Италијанската влада, од Светската банка, од Европската банка и од многу други држави, затоа што тие средства иако се даваат под исклучително поволни услови понатаму нашата Македонска банка за обнова и развој и банките кои што ги реализираат тие средства до таа мера ги отежнуваат условите на пласман на тие средства, да тие практично станууваат неефикасни и корисниците не се во состојба да ги враќаат тие средства.

Ќе ве потсетам само на исклучително поволните средства од Светската банка за кредитни линии ИФАТ 1 и ИФАТ 2, што еве толку години поминаа, тие не се искористени, затоа што се даваат под многу кратки рокови на враќање, под високи камати. Затоа што се бараат такви обезбедувања за враќање на кредитите така што кредито-корисниците практично не се во можност истите да ги враќаат. Многу земји околунас, ззeмји во транзиција и така натака се сретнуваат со овие проблеми на пласман и осигурување на  средствата од бакитe и затоа тие земји формираа фондови за пласман на тие средства, преку кои фондови околу 70-80-% се покрива ризикот за пласман на тие средства. Според тоа, бидејки овие средства се

најефикасни и најпотребникај нас во областа на земјоделието, сточарството во производството на хран аи т.н., а таму нашите земјоделци немаат атрактивни објекти на кои што може да се направи хипотека или залог и на други начини на обезбедување, тие практично не можат да го покријат ризикот.

Спорет тоа, се поставува прашање, еве тука е минситерот за финансии, моментално е зафатен со дискусија, се поставува прашањето кога нашта Влада ќе предложи еден таков закон со кој што ќе се формира фонд и со кој фонд ќе се осигураат тие средства кај корисниците и ќе се смали ризикот кај банките? Кај нив ќе остане 20-30% а фондот да ја покрива разликата. Тоа е една работа која што сакам да ја укажам и која што треба брзо Владата да дејствува.

Друга работа, како што реков, овие средства да се пласираат, во зависност од тоа во која област, во кој обем. Ако е тоа во индустријата, да биде определен број на години за врќање и грејс период. На пример, ако е индустријата, да биде 10 години, грејс период од 2 до 3 години додека објектот да се изгради, додека објектот се ухода во производство и да се распореди на еден подолг период на години за да самиот ануитет биде понизок.

Понатаму, ако се работи за земјоделие, за производство на храна, треба д абиде период на враќање не помал од 15 години и грејс период од 5 години. Особено, ако се работи за пласман на тие средства од сточарството, каде е потребен подолг период да се создаде едно стадо, било да е то акрави, било да се овци, кози или било кое друго производство и тој период мора да се растегне, бидејки таму се остваруваат многу ниски профити...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Иванов ние зборуваме по текстот на законот и јас бев толку, да кажам широк и еве веќе дозволив 6 минути вие да зборувате за кредитна политика на државата или на комерцијалните банки. Јас затоа ве молам да се држите до текстот на законот, а можеме да имаме  точка во врска со тоа. Бидејки рековте дека ќе кажете како ќе гласате, јас ве молам да бидеме до текстот на законот.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Уште колку ми давате време?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зависи, ако трет пат ве опоменам, ќе ви го земам зборот.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Па, за законот зборувам. Не зборувам за јавни ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие спомнавте за земјоделието, спомнавте други области па затоа ве молам...

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Па, за пласман на овие...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас бев трпелив. 7 минути поминаа, а за 7 минути многу работи може да се кажат.

Повелете.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Ако мислите дека сум зборувал за нешто друго се извинувам. Јас зборував исклучиво за овој кредит, под  кои услови да се пласира и во кои области. Не се одалечувам од темата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега е претрес по текстот на законот. Тоа е точката, ве молам.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Тоа е текстот. Зборувам да се пласираат под поволни услови.

Збачи, да овие средства станат ефикасни. Инаку, ако ние се, г-дине претседателе, поставиме во некои рамки оклопи, шеми, ние ја губиме смислата во Парламентот. Ќе се претвориме во луѓе кои не мислат, туку треба мислите да им се стават во главите. Тогаш ние не сме веќе луѓе, туку сме автомати. Според тоа, тоа сакав да кажам и затоа што  ние не разговараме отворено по овие прашања затоа сме во ваква состојба во која се наоѓаме. Најубаво е кога се караме меѓусебе, кога се напаѓаме, кога се навредуваме. Мислам дека ние практично треба да зборуваме за тоа за што треба да се живее.

И уште тоа сакам да додадам, второ дкеа треба овие средства да се пласираат преку ефикасни банки. Да не се прави тоа во троми, големи банки, банки што не ги реализираат оние кредитни линии што им ги доделува Македонската банка. Тоа треба и во текстот на законот ада стои. Тие банки што не ги реализирале веќе одобрените кредитни линии и што со својот стил, медод на работа ит.н. не ги дадоа  и не даваат резултати, треба понатаму да не им се доделуваат такви средства.

Благодарам. Јас мислев дека мојава дискусија требаше да користи не само за нас, тука пратениците, туку и на вас и на јавноста и затоа сакав да дадам корисни предлози.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дин Иванов.

Само сакам да кажам дека ние имавме општ претрес поовој текст на закон, па тоа тоа можеше да се каже тогаш. Но, бидјеки некои пратеници често не се присутни, ја испуштаат таа можност.

Повелете г-дине Андов, имате збор.

СТОЈАН АНДОВ:

Само сакам да кажам дека овој закон е сосема јасен и ние ќе гласаме за овој закон, го сметаме корисен. Лошо е само што сумата е мала. Меѓутоа, треба да се негуваат такви линии и добро е да имаме повеќе вакви кредити.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Повелете, збор бара министерот за финансии, г-динот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Во врска со дискусиите на пратениците, сакам да го потенцирам следново.

Точно е дека кредитот е мал, но Владата на Република Македонија со Кредитната банка за обнова од СР Германија има договор, така што после секое искористување на кредитна линија од ваков карактер ќе се одобрува нова. Оваа не е прва во таквиот низ. Така што тие средства постојано ќе доаѓаат во Република Македонија , како што гледате со исклучително поволни услови.

Второ, во врска со пласманот во Македонската банка за подршка на развојот нивото на најавени побарувања по кредитот е веќе повисоко од кредитот што го добиваме. Што значи ова што г-дин. Иванов го кажа, нема опасност, затоа што е поволен и веднаш по реализирањето на законот и потпишувањето на договорот, веројатно во првата седмица од октомври преку Македонска банка очекуваме во исклучително краток рок да се реализираат ваквите сресства. А, со оглед на долгиот рок на враќање, 10 години како грејс и уште 30 во полугодишни рати, очекуваме тој кредит на Македонската банка со враќањето на Кредитната банка за обнова од СР

Германија неколкукратно да го репласира во макеоднската економија. Така што ќе има голем мултипликатор на искористеност.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги повикувам пратениците да влезат, бидјеки треба да гласаме по законот.

Ги повикувам пратеницит еуште еднаш да влезат.

Бидејки во салата се присутни 61 пратеник, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 59 гласале за, нема воздржани, нема против.

Како што реков, во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точката 14 - Предлог за донесување на закон за внатрешна ревизија во јавниот сектор, со Прелдог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на  Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави минситерот за финансии.

Повелете г-дине Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дозволете да кажамнеколку зборови за законот што е пред вас.

Денеска, пред нас е Предлогот за донесување Закон за внатрешна ревизија во јавниот сектор, со Прелдог на закон , како еден од пакетот закони во процесот на реформите кои Владата ги спроведува во обалста на ревизијата во Република Македонија.

Процесот за воспоставување на систем за ревизија во Република Македонија, што ќе бид екомпатибилен со системите за ревизија на развиените земји и на Европската унија е започнат со донесување на Законот за ревизија и Законот за државна ревизија во 1997 година и подоцна, со прифаќањето на Меѓународните

ревизорски стандарди и Меѓународните стандарди на ИНТОСАИ, Меѓународната организација за ревизорски стандарди.

Како што знаете, со цел за натамошно реформирање на системот на ревизија, во март о.г. ова Собрание го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за државна ревизија, со што се обезбеди зајакнување на местото и улогата на Државниот завод за ревизија и на самиот Државен ревизор, проширување на опфатот на субјектите што се предмет на Државната ревизија и поголема транспарентност за користењето на јавните средства.

Истот ака, сакам да ве информриам дека пакетот закони за реформа на системот за ревизија во Република Македонија набрзо, после донесувањето на овој закон, ќе го заокружим есо донесување на нов закон за комерцијална ревизија, што е работен со странски експерти и што сега во моментов е во процедура во Владата. Се надеваме, докрајот на годината и во Парламентот. Со овој закон ќе се обезбеди дерегулација н апостојните законски решенија и заокружување на процесот на хармонизација на системот за ревизија на Македонија со Европското законодавство.

Внатрешната ревизија, досега, беше регулирана во нашата држава со Законто за буџет, односно кај корисниците на средства од Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа и буџетите на фондовите што беа должни да воспостават внатрешна ревизија.

Меѓутоа, успешното воспоставување и функционирање на единиците за внатрешна ревизија во јавниот сектор ја наметна потребата од изготвување на нова рамка во која што ќе се создадат реалниуслови за изградба на конзистентен систем за внатрешна ревизија во целиот јавен сектор. Ова, особено и поради фактот дека постојната законска регулатива не е во согласност, во овој момент, со легислативата на Европската унија, како и со меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија, што сега се случува.

Предлогот за донесување на закон за внатрешна ревизија војавнито сектор, со Прелдог на закон е изготвен соглансо легислативата на Европската унија што се однесува на јавната внатрешна финансиска контрола и внатрешната ревизија како нејзин дел. Исто така, овој закон е изготвен врз основа на прифатените меѓународни стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија и Етичкиот кодекс што Република Македонија ги прифати на 10 ноември 2003 година со донесување на Правилникто за начинот на вршење на работите на внатрешната ревизија.

Со предложениот закон се уредува системот, начинот на работење, принципите, организацијата, функционирањето и надлежносттие на внатрешната ревизија во јавнито сектор во Република Македонија и истиот се однесува на следниве корисници: корисници на средства од Буџетот на Република Македонија, Фондот за пенџиско и инвалидско осигурување на Макеоднија, Фондот за здравствено осигурување, Фондот за магистрални и регионални патишта, Агенцијата за вработување на Република Македонија, единиците на локалната самоуправа, агенциит еи други институции основани со закон, јавните претпријатија, како и правни лица во кои што нашата држава е доминантен акционер.

Согласно со овој Предлог на закон основна задача на внатрешната ревизија ќе биде да му укажува на раководството на утврдените слабости и недостатоци на целокупното работење и функционирање на внатрешните контроли и да предлага мерки за нивно подобрување или целосно отстранување. Всушност, внатрешната ревизија на роководителите на државните и други јавни институции ќе им обезбеди уверување дека процесите за кои тие се одговорни и за кои функционираат во најголема нужна мерка ќе ја минимизираат можноста за појава на намерни или ненамерни грешки или неефикасно и неекономично работење со јавните средства. Значи, внатрешната ревизија има, пред се, советодавна и превентивна функција, а се со цел да ги подобри процесите на управување со ризикот, контролата и раководењето преку нивно независно и објективно оценување.

Исто така, би сакал да укажам и на предностите од примената на овој закон, а тоа се:

-зголемвуање на вкупната финансиска дисциплина во јавнито сектор;

-заштита од неефикасно користење на ресурсите, малверзации и евентуално погрешноуправување со средствата;

-откривање и минимизирање на значајните фактори на ризик;

-економично, ефикасно и ефективно користење на финансиските средства, согласно со поставените цели и задачи;

-зајакнување на системот на финансиско управување и контрола и обезбедување препораки за одобрување на работењето и

-благовремено обезбедување на неопходни информации со цел да се донесат правилни одлуки.

Со примена на овој закон се очекува да се олесни меѓународната интеграција на Република Македонија и да придонесеме кон поголемо забрзување на процесот на подготовки за нашето идно членство во Европската унија.

Сакам да информирам дека Владата веќе започна со подготовки за имплементација на овој закон, најнапред со реализација на проектот “Развојна политика на Република Македонија во областа на внатрешната ревизија и обука”. Со овој проект, во март 2004 година беа веќе обучени 23 внатрешни ревизори во Република Македонија и тоа од 16 буџетски корисници и фондови, избраи по критериумот дека тој буџетски корисник, во текот на 2003 година имал Буџет од над 500 милијони денари, при што исто така беше земе предвид и факторот на ризичност во управувањето на тој сектор.

Досега, кај 6 од овие 16 буџетски корисници, веќе се направи измена на актот за систематизација и се основани единици за внатрешна ревизија. Додека кај останатите, измената на актите за систематизација е во тек и ќе се реализира до крајот на оваа година.

Во втората фаза и во текот на 2005 година, заедно со процесот на децентрализација ќе се обучат внатрешни ревизори и кај сите општини во Република Македонија но и кај останатите буџетски корисници до крајот од овие 16.

Очекуваме примената на овој закон да придонесе за развој на посовремен систем на контрола на трошењето на јавните средства во функција на остварување на основните принципи на ефикасност, ефективност и економичност и затоа се надевам дека овој закон ќе наиде на поддршка во Парламентот.

Дозволете да ве информирам дека и сите амандмани што се поднесени од поединци или од комисиите се прифатени.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Поповски.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за внатрешна ревизија во јавниот сектор.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам  претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 2; член 3 за внесување нов став 1 пред ставот 1; член 5 точка г); член 9 точка б); член 29; член 30; член 31 и на член 32, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Аднан Јашари, Талат Џафери, Абдулаќим Адеми и Недим Рамизи поднесоа амандман на  член 1 став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот  член 1 став 2, поднесен од пратениците Аднан Јашари, Талат Џафери, Абдулаќим Адеми и Недим Рамизи

Го молам претставникот на Владата  да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник,  60 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор.

**Минуваме на точката 15 - Предлог за донесување на закон за изменување на законот за царинската тарифа, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за царинската тарифа.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, 61 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, 57 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Во салата секако има повеќе од 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеника, 59 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Во салата беа присутни во времето на гласањето 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за царинската тарифа.

**Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за користење и располагање со стварите на државните органи.**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, дозволете ми на кратко само неколку минути да кажам за овој закон. Однапред да кажам дека зборот “ствари” е терминологија која ја користиме во нашето право и мораме да се прилагодиме на неа, иако звучи малку чудно, во смисла на предмети и друго.

Стварите кои ги користат и со кои располагаат органите на државните институции и движни и недвижни се со голема економска и пазарна вредност. И како такви се од особено значење за нашта држава. Овие ствари се во државна сопственост како титулар на сопственоста  мора да уреди бројни прашања кои произлегуваат од сопственоста и управувањето со неа. Користењето и располагањето со стварите во државна сопственост на државните органи, во овој момент е регулирано со Законот за право, обврски и одговорности на органите на државната власт, во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат, кој е донесено во текот на 2002 година.

Во скоро двегодишната имплементација на овој закон се воочени некои недоречености и нецелосно уредени институти содржани во законот, како што се на пример набавката, продажбата, закупот и други прашања, што во знатна мерка го отежнува неговото спроведување и целите што треба да се постигнат со законот, а се работи за клучни институти во тој закон.

Исто така, во практичното спроведување на постојниот закон, беше регистрирано и отсуство на одредби и институти кои се од суштинско значење за комплетно дефинирање и обликување на користењето и располагањето на стварите во државна сопственост, а кои ги користат државните органи.

Како резултат на оваа состојба, се обидовме да ги надминеме недостатоците во постојниот закон, но имајќи ги предвид обемот, и количината на интервенции потребни за целосно нормативно уредување на оваа значајна област вонасока во која погоре говорев, констатиравме дека целта што треба да се постигне со овој закон, нема да може да се оствари со измени и дополнувања на постојниот закон, затоа што ќе бидат многу бројни измени, туку дека е неопходно предлагање и донесување на нов закон во кој суштински и на поинаков начин, со пополнување на досегашните правни недоречености, со доуредување на постојните и вградување на

нови институти, комплексно ќе се регулираат односите во користење и располагање со стварите во државна сопственост, од страна на државните органи.

Предлогот за донесување на закон, ги уредува прашањата за користење, набавка, продажба, размена, закуп, евиденција, утврдување на право на сопственост, запишување на правата на недвижностите и други прашања, и тоа од повеќе аспекти.

Во однос на органите или субјектите кои одлучуваат во остварување на определени права и обврски, во користењето и располагањето со стварите на државните органи, во целосно регулирање на постапките за остварување на правата и обврските. Прашања сврзани со утврдување на вредноста на стварите што ги користат органите, за субјектите што ги склучуваат договорите кога стварите на органите се ставаат во правен промет, или кога се даваат во закуп на лица, на субјекти вон од државната власт.

Посебно би го апострофирал, уредувањето на прашањето и целта на овој закон во однос на востановување и водење на евиденција на стварите што ги користат органите на државната власт, бидејќи сметаме дека државата мора во секој момент да знае со колкав имот располагаат органите, како во функција на полесно определување бонитетот на државата, така и во функција на продажба, давање на користење, престанување на користење, закуп и други прашања.

Почитувани пратеници, донесувањето на овој закон, претставува значаен чекор во уредувањето на оваа сфера од работењето на државните институции.

Имајќи предвид дека законот ќе се донесува во две фази, а Предлогот за донесување во овој момент е во прва фаза, ќе бидат корисни сите предлози и мислења, што ќе бидат од вас изнесени во овие дискусии денес и на комисиските седници, во функција да може Министерството за финансии и Владата на Република Македонија во предлагањето на втората фаза, да ги оствари своите цели заедно со вас.

Од тој агол очекувам и донесување на овој Предлог на закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине министре.

Повелете госпоѓо Костадинова имате збор.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам претседателе, почитуван министре, господин директоре, колеги пратеници,

На денешната седница за точка на дневен ред го имаме овој Предлог за донесување на овој закон за користење и располагање со стварите на државните органи. Тоа е како што напомна и министерот една значајна област што и досега беше регулирана со Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат и кои што закон ни е од понов датум, односно од 26 јули 2002 година. Но иако законот е од понов датум, нецелосната регулираност на оваа проблематика, само 37 члена има постоечкиот закон, се покажала недоволна и ја наметнала потребата од изработка на сосема нов предлог за донесување на закон. Новиот предлог отишол во многу подетално и поопширно регулирање на оваа проблематика, сигурно имајќи ги предвид недореченостите од постоечкиот, така да сега во над стотина члена ја регулира прецизно оваа материја.

Мене лично во текот на целото читање на текстот ми сметаше употребата на терминот “ствари”. Тоа нешто и министерот го напомна и тој збор не ми делуваше баш македонски. Понавикнати сме да го користиме терминот средства, или предмети. Но ете, од образложението произлезе дека тоа е поради терминолошкото усогласување со Законот за сопственост и други стварни права, каде се користи терминот ствари, а не средства, како што е досега во постоечкиот закон.

Имајќи предвид дека државата располага со значителен имот во поглед на потребите и функциите што таа ги врши, нормално е дека сите тие прашања, во смисла на набавка, потоа продажба, издавање под закуп, давање на користење без надомест и слично, мора да се уреди прецизно и квалитетно, за да не се остава простор за субјективизам, кој што може да води кон други непожелни дејствија.

Исто така, државата мора да биде добар домаќин и во секој момент да има уредна и точна евиденција на имотот со кој што располагаат државните органи, било да е тоа движен, или недвижен имот или пак без разлика дали тој имот е во земјата или во странство. Потоа во секој момент треба да се знае неговата вредност, дали е  евидентиран во јавната книга за запишување на недвижности и слично.

Мој личен впечаток е дека Предлогот за донесување закон е доста квалитетно изработен, почнувајќи од регулирањето на набавката на стварите, потоа

начинот на користење и располагање со стварите од страна на органите, прецизирањето и дефинирањето на поимот на движните и недвижните ствари, потоа го регулира давањето и примањето дарови од органите на државната власт и нивни претставници, евиденцијата што треба да се води на движните и недвижните ствари, кои што ги користат органите.

Исто така дадено е задолжение од Државниот завод за геодетски работи да води евидентна книга за сите недвижни ствари, што ги користат органите на државната власт, покрај внатрешната евиденција што треба да ја има секој орган, што користи недвижни ствари во државна сопственост, бидејќи знаеме дека и за тоа мора секој да води своја сопствена книговодствена евиденција. Поради прецизноста и како што напомнав, деталната разработка на материјата што се регулира со овој предлог, мое лично мислење истиот да се прифати.

Немам некои суштински забелешки по истиот Предлог за донесување закон, освен некои помали кој ќе ги изнесам, па ако предлагачот оцени дека се прифатливи, нека ги вгради во втората фаза од подготовката на текстот, а се состојат во следното.

Во член 15 точка 1 зборот “целесообразно” да се замени со зборот “соодветно”.

Во член 27 зборовите од крајот на реченицата “на органите”, да дојде пред зборот “со кои располага”. Мислам поубав е редоследот.

Во член 32 став 1, алинеја 1 пред зборовите “предмет на продажба”, да стоји зборот “што е”.

Во алинеја 2 пред зборовите “предмет на продажба” исто така, да стои зборот “што е”. Во истата алинеја 2 зборот “како” пред зборовите “ почетна цена” да отпадне и да се замени со зборот “односно”.

Во алинеја 3 зборот “што”, пред зборовите “не може да отпадне”. Алинеја 7 да стане алинеја 8, а алинеја 8 да дојде на местото на алинеја 7.

Во член 34 точка 2 зборот “раководи”, пред зборовите “со јавното наддавање”, да отпадне како непотребен.

Во член 36 пред зборовите “што учесниците”, да се додаде зборот “каде”.

Во член 38 точка 4 зборовите на крајот од реченицата “и рокот во кој треба да се склучи договорот” да отпаднат како непотребни.

Во член 39 став 1, да се додаде нов став 2 кој би гласел: “кога на јавното наддавање за продажба на недвижна ствар се јави само еден наддавач, кој не ги

прифаќа условите од огласот и не ја наддава почетната цена, јавното наддавање се повторува”. Ова е од причина што во став 1 се регулира случај само ако се јави еден учесник кој ги прифаќа условите и ја наддаде почетната цена. Ако не се случи тоа, тоа не е регулирано.

Во член 41 каде е регулиран случај кога најповолниот наддавач не пристапи кон склучување договор за продажба, сметам дека треба да се измени, од причина што може однапред наддавачите да се договорат. Првиот наддавач да не склучи договор и со тоа да ја намалат почетната цена.

По мое мислење членот 41 треба да гласи: “кога најповолниот наддавач не пристапи кон склучување договор за продажба, во роковите утврдени согласно член 32 на овој закон, постапката се повторува.

Исто така забелешка имам, што во член 54 точка 1 и 2 каде стои “износот и до три илјади евра во денарска противвредност” и на “три илјади денарска противвредност” да стои “износ во македонски денари”.

Во член 59, член 62 точка 1, член 64 точка 4, член 73 алинеја 8, секаде каде е употребено сума во евра во денарска противвредност да стои: “македонски денари”.

На кратко овие се моите скромни забелешки кои ги уочив на Предлогот за донесување закон за користење и располагање со стварите на државните органи и кои што сметам дека ќе придонесат за негово подобрување.

Истиот ја доби поддршката од Комисијата за финансирање и буџет, а и поддршката од пратеничката група на СДСМ.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Костадинова.

Повелете господине Костовски имате збор.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Пред се, не сакам да го дискутирам законот, законот имајќи го мојот респект према министерот, морам да кажам и уверувам истото и мојата забелешка дека македонскиот јазик не е толку беден, да нема адекватен израз за “ствари”. Бидејќи “ствари” како поим значи и материјални добра, меѓутоа може да се користи и во поширока смисла.

Апелирам да се најде посоодветен термин и термин кој ќе ја објасни оваа материја.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Повелете, министре, имате збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас и во воведното излагање кажав за проблемот што наводно се јавува со речникот. Прво, тој збор е употребен во другите закони, законите за облигационите односи и други закони кои се суштински и кои ние не можеме со овој закон да ги менуваме наназад.

Второ, и лекторски се консултиравме. Така што, и факултетските предмети го носат тоа име “стварно право” или “правно на стварите”, кажано поинаку. Ние ќе направиме уште еден обид, ќе исконсултираме и други лектори, еве да речеме институтот. Меѓутоа, досегашните консултации покажуваат дека зборот е македонски.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и пред да му предложам на Собранието заклучок, ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Почитувани пратеници, сега сме 62 присутни во салата и јас морам да признам дека во чекање на кворум половина работен ден ни поминува.

На Собранието му предлагам да го усвои слендиот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за користење и располагање со стварите на државните органи.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собраниетои ќе му достави Предлог на закон за користење и располагање со стварите на државните органи, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 58 пратеници гласале за, 2 се воздржале од гласањето, против нема, а во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 17.

Предлог за донесувањање на закон за ратификација на конвенцијата на обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, протоколот за превенција, спречување и казнувње за трговија со лица, особено жени и деца, со кој се дополнува конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат, со кој се дополнува конвенцијата на Обединетите нации против транснационалиот организиран криминал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесувањ на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор има пратеникот Елеонора Петрова - Митевска, а потоа нека се подготви пратеникот Нелко Стојановски.

Повелете госпоѓа Петрова.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА - МИТЕВСКА:

Благодрам, г-дине пртседателе, почитувани претставници на Владата,

Иако, не е вообичаено да се расправа по ратификација на конвенции, сметам дека Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален криминал и особено протоколот со Палермо, кој што се однесува на трговија нал уѓе, особено на трговија на жени и деца, го заслужува вниманието кое што треба да му го посветиме на денешната седница, прд се, заради фактот што групата на пратенички во Собранието на Република Македонија минатата година организира неколку

расправи, се со цел на протоколот од Палермо да му даде одредено значење, заради фактот што трговијата со жени и деца се повеќе зема замав во нашата земја.

Република Македонија од земја на транзит, почна да се претвора во земја на дестинација, а се повеќе и во земја на потекло. Затоа, во текот на минатата година беа организирани 4 тркалезни маси со претставници на ОБСЕ, со пртставници на Пактот за стабилност, а во јуни оваа година се организира и третата меѓународна конференција на жени парламентарки од југоисточна Европа овде во Скопје, на која што една од точките беше исто така конвенцијата на Обединетите нации и протоколот од Палермо за трговија со луѓе особено за трговија со жени и деца.

Конвенцијата на Обединетите нации и донесена во 2000 година во ноември месец, а месец дена подоцна е донесен и протоколот во Палермо. Конвенцијата ја потпишале 123 земји, а протоколот го потпишале 77 земји, а за да се ратификува и за да стапи во функција оваа спогодба треба да ја ратификуваат најмалу 40 земји. Во процесот на минатата година, додека ние ги работевме на нашите тркалезни маси ратификација на овие значајни конвенции и протоколи имаше 38 земји кои што ја ратификувале оваа конвенција, а требаше 40 земји, за да стапи во функција. Меѓу време, иако денес е на дневен ред ратификацијата, веќе има повеќе земји од 40 кои што ја ратификувале и таа веднаш може да стапи во сила.

Зошто е важна конфенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и протоколот Палермо за трговија со луѓе, особено за трговијата со жени и деца. Пред се, заради фактот што очекуаме дека ќе се променат состојбите во регонот, дека овој регион кој што е под константен притисок на надоѓачки групи на жени и млади девојчиња, на жени и деца, ќе се намали притисокот во трговијата, бидејќи ќе се зголеми соработката помеѓу земјите во регионот и земјите во Европа.

Интересот за оваа тема беше исто така зголемен и на Европско ниво, бидејќи ова беше точка на дискусија и во Советот на Европа во јуни минатата година. Значи, оваа конвенција ќе ја направи ефикасна работата на превенцијата во борбата против транснационалниот криминал. Потоа, ќе направи меѓународно правна соработка за екстрадикција на сторителите за дел од конвенцијата, трансфер на осудени лица, взаемна правна помош, меѓутоа, најмногу од се ќе го реши проблемот во регионот на сите земји кои што се загрозени од трговија со жени и со деца.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Боагодарам г-ѓо Петрова.

Повелете, г-дине Стојанвоски, а потоа нека се подготви пратеникот Цветанка Иванова.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине пртседател, колеги пратеници,

Како што истакна мојата колешка Петрова, не е вообичаено кога се ратификуваат вакви конвенции многу да се дискутира. Самиот закон има два члена во нив практично нема место за интервенција, а и во текстот на конвенцијата не може да се интервенира, но, сметам дека заради важноста на овој закон, сепак, треба нешто да се каже.

Јас, како и пратеничката група на ЛДП, во повеќе наврати сме ги поздравувале одлуките на Владата за засилување на соработката и координацијата со соседните земји односно на органите кои што се одговорни за одржување на јавниот ред во спречување и борба против тероризмот, организираниот криминал, особено на транснационалниот криминал, нелегалната трговија со наркотици и дроги, психотропни субстанци и прекурсори, спречување и казнување на трговијата со лица, особено со жени и деца и други видови кривични дела.

Чувствувам потреба и во оваа прилика да истакнам уште неколку факти кои што ја потврдуваат потреба од донесување на овој закон за борба против овие девијантни појави, би рекол, од потежок вид.

Република Македонија веќе подолг период е зафатена со крупни општествено-економски и политички промени и тие промени во голема мера го изменија начинот на живеење во Македонија, го изменија системот на вредности и воопшто би рекле целокупниот амбиент кај нас. Меѓутоа, иако несомнено е дојдено до поголема демократизација во политичкиот живот, во економската сфера, не се направија некои позначајни позитивни промени и може да се констатира појави како што се, осиромашување на значаен дел на населението, без работица, пропаѓање на еден број претпријатија итн., Што имаше за последица пораст на сите видови девијаици, пораст на самоибиствата, пораст на лицата зафатени од алкохолизам, од наркоманија, проституција, криминалитјетот, различен облик итн.

Денеска меѓу македонското население постои силна вознемиреност предизвикана од порастот на кривичните дела како што е тероризмот, и другите дела поврзани со тероризмот, но не е помала заканата од организираниот транс

национален организиран криминал, а и трговијата со жени и деца и во нашата држава почнува да добива се позагрижувачки размњери. Тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со droги и оружје не претставуваат локална закана за некоја држава или помал регион, туку претставуваат меѓународни проблеми со кои е соочена светската заедница и заради тоа треба да се здружат напорите и соработката меѓу државите како би им се застанало на пат на овие современи зла. Заради тоа, како што истакна мојата колешка и Обединетите нации ја донесоа оваа конвенцијас за превенција против овие дефијации.

Значи, меѓу посериозните проблеми од овој вид и кои последните години и во нашата држава земаат поголем и заканувачки размери ако не им се застане на патот, се тероризмот, организираниот криминал и нелегална трговија со луѓе, дроги и оружје, нелегалните миграции и други.

На ваквата состојба, како што истакнав и во една друга прилика, особено и погодуваат процесите на глобализацација, кои започнаа со трговијата и транспортот, но особено забрзување добија како резултат на комуникациската и информатичката револуција. Со тоа државите се најдоа пред нов предизвик да не можат да ги контролираат протокот на добра и луѓе преку нивните граници. Државите во транзиција се сретнаа со големи предизвици да не можат да се справат со меѓународните закани од криминалните мрежи кои се стремат кон максимизирање на можностите за нелегален бизнис и протиф и минимизирање на ризиците од активностите на органите за заштита на законот. Ова, јас би го нарекол темна страна на глобализацијата. Бидејќи на овој начин беше олеснет трансферот на добра, луѓе и пари, но и беше олеснета трговијата со дрога, оружје, странци со нелегален престој, рапидно ширење на валкани пари, платени убијци, терористи и криумчарење од секаков вид, па се до криумчарење на нуклеарен материјал.

Република Македонија, наоѓајќи се во централнот дел на Балканот не ја одмина ни проблемот со порастот на трогвијата со жени, кои или транзитираат кон западните поразвиени и побогати земји, или пак нашата држава им претставува последна дестинација и шанса за заработка на жените и на нивните подведувачи од земјите на источна Европа кои ќе ги ангажираат како проститутки, најчесто во западниот дел на Република Македонија.

Треба да го спомнеме и фактот дека и одреден број македонски жени, овие денови имавме можност тоа да го прочитаме и во нашиот печат, покрај тоа што заминуваат на запад, запаѓаат и во синџирот на трговија со бело робје овде во

Македонија односно се објекти на трговија со жени. Нивните очекувања најчесто се изневерени. Нивните шанси за полесен и поубав живот дефинитивнио се пропаднати, а тие на крајот сваќаат дека треба да платат многу висока цена за често за нив непромислено донесена одлука.

Злоупотребата и трговијата со droги е во загрижувачка експанзија и предизвикува криминал и се повеќе зема замав со меѓународни обележја, заради што и неговото откривање бара заеднички организирани и координирани мерки на субјектите задолжени за негово откривање.

Криминалот во врска со злоупотребата на дроги е во постојан раст и има карактеристики на организираност, конспиративност, голема профитабилност и регионални европски, би рекле и светски димензии.

Во тој контекст е и поврзаноста на овој вид криминал со организираниот криминал. Покрај спомнатиот сериозен проблем или би рекле многу сериозен проблем, претставува организираниот криминал. По дефиниција, организираниот криминал е дејност на криминални организации кои се во дослух со полицијата, судството и извршната власт и со примена на насилство го чуваат монополот или приоритетот во некоја дејност најчесто од стопански вид, која им носи голем профит. Организираниот криминал не знае за граници, и кирминалните организации настојуваат да се вградат во постојните системи и да влијаат како свои луѓе во државните органи преку давање дозволи за крупни зделки и корумпирањ на важни државни функционери.

Се разбира, денес можеме само воопштено да зборуваме за организираниот криминал, бидејќи за него тешко се прибираат податоци. Меѓутоа, постоењето на криминални дела од типот изведување пари за заштита која не е барана или рекет како што се именува, трговија со дроги и со оружје, подведување на проституција и трговија со бели робје, искористувањето на даночни царински бенефиици, шверцот со злато, цигари, автомобили, перењето пари, убиствата по порачка, терористичките акции и слично, укажува дека овој вид криминал постои во нашата земја, дека се покажува како исклучително штетен и го нагризува општеството економски, безбедносно, но и во некои други сегменти.

Заради големата општествена опасност на делата од ваков вид, сметам дека донесувањето на овој закон со кој ќе се ратификува Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал за превенција, спречување и казнување

на трговија со луѓе, особено жени и деца, ќе придонесе за поефикасно спречување и откривање на ваквите кривични дела.

Јас и пратеничката група на ЛДП ќе го поддржиме донесувањето на овој закон за ратификација на оваа Конвенција.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојановски.

Повелете госпоѓо Иванова имате збор.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Ви благодарма господине претседател, колеги пратеници, претставници на предлагачот.

Не е вообичаено да се дискутира околу ратификациите на конвенциите и договорите, само за илустрација да спомнам дека овој парламентарен состав до сега ратификувал околу 66 меународни конвенции и договори, во принцип не ги коментираме затоа што или ги прифаќате или не меѓународните договори и конвенции или ги ратификувате или не, единствено е можно да се стави резерва, меѓутоа, резерва на одредена одредба.

Сметам дека за Република Македонија ова е многу значаен момент, значајна е ратификацијата на Конвенцијата на ОН против организираниот криминал затоа што оваа Конвенција произлегува практично од напорот на членките на Меѓународната заедница на ОН да се спротивстави на еден феномен кој произлезе во 80-тите години од претходниот век, а тоа е организираниот криминал и да обезбеди правна рамка за ефикасна борба против овој организиран криминал. Овој криминал ги надминува териториите на националните држави и националните законодавства.

За да се дојде до Конвенцијата на ОН попозната како Протоколот од Палермо активноста трае повеќе од 25 години и во 2000-та година во Палермо се отворени инструментите за потпишување на оваа Конвенција. Република Македонија тогаш стана потписник на оваа Конвенција, меѓутоа, за да се ратификува беше значајно дека сите земји потписнички требаше да исполнат одредени услови за да можат да ја ратификуваат оваа Конвенција.

Ова беше сериозен предизвик за Република Македонија и уште на самиот момент на потпишување се отпочна со активностите, меѓутоа, уште со стапувањето на власт на оваа Влада и овој Парламент се презедоа поорганизирани активности

за да ги исполниме условите како би можеле да ја потпишеме Конвенцијата на ОН. Како што кажа претходниот дискутант госпоѓа Елеонора Петрова Митевска во оваа активност големо учество зеде и Клубот на пратеници на жени во Собранието на Република Македонија и на една од првите седници беше разгледана можноста како жените можат да придонесат за побрза ратификација на оваа Конвенција.

(Во 11,30 часот со седницата продолжи да раководи госпоѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието).

Искрено да ви кажам, тогаш кога ги изанализиравме овие состојби односно сите услови кои требаше да бидат исполнети за да биде ратификувана оваа Конвенција, јас не бев оптимист дека за волку кратко време ќе ги исполниме сите овие услови за да можеме денеска да присуствуваме на овој значаен чин, да ни се даде виза односно да ги исполниме сите услови да ја ратификуваме оваа Конвенција.

Нужно е да се каже дека Владата на Република Македонија уште со самото конституирање приоритет над приоритетите си постави борба против организираниот криминал и во оваа смисла како предлагач Владата, а ние како Собрание имаме значаен напредок и донесовме низа законски проекти односно законски прописи кои претставуваа услов за исполнување на условите за ратификација на Конвенцијата. Да почнам само од Кривичниот законик, потоа Законот за кривичната постапка, да не испуштиме дека во функција беше изменувањето и дополнувањето на Уставот составниот амандман 19, потоа Законот за следење на комуникации во функција во борба против организираниот криминал кој ќе следи и е во работна верзија и во смисла на институционална реформа или институционален услов за исполнување услов за ратификација на оваа Конвенција беше и Законот за јавно обвинителство. Се на се една голема активност и големо постигнување од страна на Парламентот и Владата.

Сега би сакала да кажам заради јавноста зошто е значаен овој момент на ратификација на оваа Конвенција? Значајно е затоа што Владата веќе го исполнува она што си го стави како приоритет при конституирањето ефикасна борба против организираниот криминал.

Второ, дека со ратификацијата на оваа Конвенција практично Република Македонија станува респектабилна членка односно како сите потписнички станува членка која ги исполнува сите услови за да може да биде третирана како сериозна земја за ефикасна борба против организираниот криминал, со самиот факт што

практично сме ги исполниле сите тие услови ние можеме да ја ратификуваме таа Конвенција.

На крајот дека со ратификацијата на Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал практично Република Македонија исполнува обврски од Спогодбата за стабилизација и асоцијација и практично е еден чекор поблиску кон интеграцијата во евроструктурите.

Затоа почитувани колеги значаен е овој момент и затоа јас мислам дека без размилување оваа Конвенција ќе ја поддржиме и чест ни е да гласаме за оваа Конвенција.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Се она што требаше да биде кажано околу ратификацијата на оваа Конвенција веќе претходните говорници го кажаа, меѓутоа, еве во знак на поддршка на ратификацијата на оваа Конвенција би кажала неколку збора.

Пред се да споменеме дека транснационалниот криминал нема ниту граници, за жал, ниту има националности, тоа е една растечка форма  во последните две децении која силно ги вознемирува жителите не на одредени региони или држави, туку на целата светска јавност. Токму заради ова беа преземени активности и беше потпишана Конвенцијата за транснационален криминал која Македонија ја потпиша во декември 2000-та година, единствено можам да истакнам што жалам дека не успеавме како држава многу побрзо да ја ратификуваме оваа конвенција, но како и да е, имавме доста да сработиме односно да направиме измени во нашето законодавство пред се во кривичната материја и уставниот амандман кој требаше да се промени за да ги исполниме сите оние услови за кои претходно зборуваше мојата колешка за да би можеле да ја ратификуваме оваа Конвенција заедно со двата таканаречени протоколи од Палермо и поинтензивно да се вклучиме во борбата Македонија да даде свој придонес против ова зло на нашето живеење.

Ќе дадам поддршка на оваа Конвенција без многу размислување затоа што добро ја познавам целата проблематика и целата дебата која се водеше околу

ратификацијата на оваа Конвенција, таа е веќе стапена на сила, бидејќи повеќе од 40 земји ја ратификувале, а еве денеска Република Македонија има чест, ќе повторам, со мало задоцнување, сепак да ја ратификува.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Пред да го читам заклучокот ги молам колегите пратеници да влезат во салата ќе имаме серија на гласања.

Заклучокот е слендиот:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за ратификација на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговија со лица, особено жени и деца, со кој се дополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат, со кој се дополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал.

Уште еднаш ги молам ценетите колеги пратеници да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници од присутни 61, 59 за, 1 против, нема воздржани.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници од присутни 63, сите 56 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повкувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 гласале за, 1 возржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговија со лица, особено жени и деца, со кој се дополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат, со кој се дополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал.

Минуваме на точка 18 - **Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата број 144 за трипартитни консултации за унапредување на примената на меѓународните стандарди на трудот и Препораката број 152 за трипартитните консултации за унапредуваљ ена примената на меѓународните стандарди на трудот и национална акција на трудот на Меѓународната организација на трудот, со Предлог на закон.-**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата број 144 за трипартитни консултации за унапредување на примената на меѓународните стандарди на трудот и Препораката број 152 за трипартитните консултации за унапредуваљ ена примената на меѓународните стандарди на трудот и национална акција на трудот на Меѓународната организација на трудот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, сите 59 гласале за.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

(Во 11,40 часот со седницата продолжи да раководи господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието).

Во времето на гласањето беа присутни 62 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 63 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата број 144 за трипартитни консултации за унапредување на примената на меѓународните стандарди на трудот и Препораката број 152 за трипартитните консултации за унапредувањ ена примената на меѓународните стандарди на трудот и национална акција на трудот на Меѓународната организација на трудот.

Дами и господа пратеници, дозволете ми во мое име и ваше име да ја поздравам госпоѓа Петра  Блес, главен советник за парламентарна соработка на специјален координатор на Пактот за стабилност и поранешен заменик претседател на Бундестагот на Сојузна Република Германија, која ја следи денешната седница.

(Поздравот беше проследен со бурен аплауз).

Минуваме на точка 19 - **Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за формирање на Совет за цивилно-воено планирање во вонредни ситуации за змјите од Југоисточна Европа, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува  Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за формирање на Совет за цивилно-воено планирање во вонредни ситуации за земјите од Југоисточна Европа.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 64 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 62 гласале за, еден воздржан, против нема.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збо?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 гласале за, еден воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за формирање Совет за цивилно-воено планирање во вонредни ситуации, за земјите од југоисточна Европа, со Предлог на закон.

**Минуваме на 20-тата точка од дневниот ред - Предлог на закон за вино.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на члне 5 став 2, член 11 став 6, член 27 став 1 алинеја 1, и на член 46, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Повелете г-дине Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Добро е тоа што денес расправаме за законот за вино, во екот на бербата на грозјето кој закон е од областа на земјоделието, а во однос на лозарството и винарството.

Добро е тоа што Парламентот расправа од закони од областа на Собранието, со цел да ги подобриме условите на земјоделците и да го подигнеме земјоделието на повисоки скали, бидејќи во Република Македонија населението претежно се занимава со земјоделие и голем број на граѓани се занимаваат со лозарство и винарство, а ние треба да им создадеме услови за подобра живот.

Почирувaн претседателе, почитувани колеги пратеници,

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 20-ти ноември 2003 година, го разгледа и го усвои предлогот за донесување на закон за вино и ја задложи Владата на Република Македонија да изготви предлог на закон за вино при што да ги има предвид сите забелешки, мислења и предлозите од расправата од седницата на Собранието, како и мислењата и предлозите од комисиите во Собранието на Република Македонија, при што можам да констатирам дека дел од овие забелешки се вградени во законот.

Со донесувањето на овој закон ќе се замени Законот за вион кој е донесен 1973 година. Бидејќи наша цел е Република Македонија да ја видиме еден ден како членка на ЕУ, предложените решенија во Законот за вино значат усогласување на Законот со законодавството на ЕУ, од областа на лозарството и винарството и се овозможува непречено функционирање на оваа дејност во согласност со пазарните правила кои дејствуваат на светските пазари.

Сметам дека Законот за вино е добра рамка во која се регулираат односите по лозарството и винарството и е доста флексибилен, и содржи доста одредби кои овозможуваат одредени прашања да се регулираат со подзаконски акти кои ги донесува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Можеби ќе има некаде 14 до 15 подзаконски акти кои треба да ги донесе министерот за земјоделие. Сметам дека Законот за вино е усогласен со Европската регулатива.

Владата ја постигнала целта и предлага квалитетен закон кој ќе биде во служба на лозарите и винарите, бидејќи производството на вино и неговиот пласман, надвор од Република Македонија е наш национален и економски интерес. Да потсетиме дека во Република Македонија лозарството односно производството на грозје кое е основа за винарството е основна егзистенција на голем број граѓани во нашата земја кои произведуваат околу 220 илјади тони грозје годишно, а од лозови насади во Република Македонија се 28 илјади хектари, што значи дека лозарството е значајна гранка во земјоделието. Целта на лозарите е да произведат квалитетно грозје и да постигнат добра цена, а винарите да направат квалитетно вино и да го извезат надвор од Македонија. Сметам дека таа цел со овој закон ќе ја постигнеме.

За потсетување е дека македонското вино се пласира во 37 земји во светот а најмногу во земјите на ЕУ. Годишно се извезува околу 300 хектолитри вино и остварува нето девизен ефект од 30 до 40 милиони американски долари. Но, за жал можам да констатирам една друга работа. На пример во Република Македонија со преработка на винско грозје во околу 20 поголеми винарски визби се произведуваат 120 милиони литри квлаитетно вино со заштитено географско потекло. Но, за жал 80% од количините за извоз се пласираат во наливна состојба. На пример Повардарие од Неготино кое има капацитет од 35 милиони кгр. Грозје оваа година ќе го откупи целокупниот род на грозје од сите сорти на грозје од Неготино, но со лански цени и ќе плати на 4 рати. Првата рата ќе ја плати веднаш, а последната во март наредната година. Залихи на вино немаат. Јас им пожелувам успешен откуп и што поскоро да го платат ова грозје на лозарите. Но, тоа што го спомнав и пред малку, најмногу грозје односно вино ќе оди во наливна состојба, а зошто, од причини што кредитите кои ги даваат банките се многу неповолни и со високи камати, а хипотеките се во однос 1:10 во корист на банките. Овие услови ги принудуваат да го продаваат виното во наливна состојба, со цел да се земат пари и да се исплати откупеното грозје на лозарите.

Сметам дека лозарите се задоволни со оној дел дека ќе се изврши откуп на грозјето, но не се задоволни од цената од кгр. грозје која е иста во последните 10 години, а трошоците се зголемени од 30 до 40%. Да кажам дека во Неготино нема никакви протести и грозјето се откупува нормално, пред се во винарската визба “Повардарје” и од приватните винарски визби како што се “Пивка”, “Бовин”, “Фонко”, “Дудин” итн.

Но, бидејќи сега расправаме по текстот на законот, јас ќе се обидам да дадам свој коментар по текстот на законот за оние членови што сметаат дека се позначајни.

Законот за вино содржи 50 члена и е систематизиран во 10 глави. Со овој закон се уредува производството и прометот на грозје и вино и други производи од грозје и вино, националниот регистар на лозови насади, правата и обврските на правните и физичките лица кои произведуваат и тргуваат со вино, описот, ознаката, обележувањето, презентација и заштита на виното.

Која е целта на овој зкон? Целта на овој закон е заштита на интересите на производителите и потрошувачите, добро функционирање на надворешен и внатрешен пазар, унапредување на квалитетот  на производите од грозје и вино, прилагодување на ресурсите односно лозовите насади според потребите на пазарот и употреба на енолошките средства и постапки.

Во член дадени се називите за вино, видовите на вино и производите од вино, усогласени со Европското законодавство. Сметам дека тоа е сосема во ред и овој закон во овој дел е усгоасен со Европското законодавство.

Една од битните новини во законот е за секое садење на лозови насади ќе биде задолжително да се добие одобрение од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Оваа новина е во ред за ради унапредување на лозарството и производство на квалитетно вино. Како тоа ќе се применува во пракса, ќе покаже времето.

Лозовите насади без одобрени на Министерството ќе мора да се ископачат, освен лозовите насади наменети за домашни потреби на оозарот. Одобрението за садење што ќе го издава Министерството, ќе се издава врз основа на националната стратегија за лозарство и винарство што ја донесува Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а која во секоја година ќе се ажурира. Врз основа на оваа национална стратегија ќе се издаваат одобренијата за садење на винова лоза. Така што сега лозарот не ќе може да сади винова лоза без ова одобрение, како што беше до сега.

Националната стратегија за лозарство и винарство ги има следните цели: поттикнување на развојот на лозарството и винарството  ориентирани кон квалитет, одржување и развој и пласман на домашното производство на вино, на домашниот и меѓународниот Пазар и развој на македонски винарски реони. Значи за добивање на

одобрение за садење на  лозје, правните и физичките лица, лозари, треба да поднесат барање до Министерството со кое барање доставуваат доказ дека земјиштето на кое сакаат да садат лозје е во нивна сопственост или е под концесија, закуп или плодоуживање. Министерството ќе издаде одобрение за садење, на име на барателот за земјиштето и максимум на земјиште на кое може да се сади лозје. Одобрението се издава за садење на претходно ископачени лозови насади, и за садење на нови лозови насади. Издавањето на одобренијата го оценувам позитивно, од причина што на тој начин ќе имаме контролирано садење заради прилагодување на понудата со побарувачката, на меѓународниот пазар кој се повеќе е ориентиран кон квалитето односно тоа што ќе се произведе и ќе се откупи.

Исто така новина во законот што е за поздравување е воведувањето на национален регистар на лозови насади кој ќе врши евиденција на лозовите насади и идентификација на производителите и лозарите. Регистарот ќе содржи листа на податоци за парцелите и сортите на грозје, детална карта за опис на површините засадени со сорти на грозје и идентификаски и регистарски броеви на производителите, за секој лозов насад. Производителите на грозје се должни во рок од еден месец, од подигањето на новите лозови насади, да ги пријават во подрачната единица на Министерството за земјоделие и површините и сортите на винова лоза.

Воведувањето на националниот регистар ќе значи воспоставување на еден вид национален катастар на лозјата. На тој начин Република Македонија ќе има детално познавање за својот производствен потенцијал на винова лоза. Според сознанијата од Министерството, што ги имам, веќе е отпочнат проект за катастар на лозја, а како пилот реони се земени Неготино и Кавадарци, познати лозарски реони, што е за поздравување.

Во однос на членот 10, да кажам тој е сосема во ред и не остава многу простор за манипулирање со виното, од причина што се дава обврска за лозарите и винарите во определен период до 30 ноември да ги кажат количините на произведеното грозје односно количините на виното за тековната година, а до 31 декември винарите да ги кажат залихите на вино, до подрачната единица на Министерството за земјоделие. На тој начин се следи произведеното количество на грозје и вино, продаденото вино и залихите на вино.

Сакам да дадам мое видување на член 11 кој е клучен член во овој закон, според кој е утврдено кои сорти на грозје може да се садат, а кои не смеат да се садат.

Во членот 11 стои: "сортите на грозје за производство на вино се класифицираат во препорачани и подобрени сорти. Сите класифицирани сорти треба да припаѓаат на родот витис бинифера, или да потекнуваат од вкрстување на овој со други родови на гинос-витис. Во класификацијата се утврдуваат сортите на грозје погодни за производство на секое трпезно вино, квалитетно вино и врвно вино, произведени во Република Македонија. Овие сорти треба да бидат од родот витис-винифера. Само оние сорти на грозје што се утврдени во класификацијата може да бидат садени за производство на вино. Други не смеат да бидат садени. Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ја пропишува класификацијата на сортите на грозје". Значи со овој член се даваат насоките и ориентацијата на производството на квалитетно вино во Република Македонија. Со класификацијата ќе се утврдат сортите на грозје погодни за производство на секое трпезно, квалитетно и врвно вино.

Сметам дека на овој начин ќе можеме да направимд квалитетно и врвно вино кое ќе биде конкурентно на светскиот Пазар, а услови за тоа имаме. Македонија е позната по најсончеви денови и имаме грозје со најмногу шеќерни њединици односно малигани, а што е основа да произведеме квалитетно и врвно вино.

Законот дава можност, со производство на вино да може да се занимаваат правни и физички лица кои имаат соодветни простории, опрема и најмалку едно стручно лице. Виното може да се продава само со официјален документ.

Оваа одредба им дава можност на сите оние кои ги исполнуваат овие услови да произведуваат вино. Затоа оваа одредба е за поздравување. На пример во Неготино има доста физички лица кои произведуваат вино, а оваа одредба ќе даде можност и за отварање на нови винарски визби. Според овој член и од претходниот, во Неготино е за поздравување отворањето на винарските визби како што се: "Бовин", "Пивка", "Фонко", сега имаме нова "Дудин" итн. Тоа ќе даде стимул кај граѓаните кои сакаат да произведуваат да можат тоа да го прават.

Понатаму законот предвидува формирање здружение на производител кои имаат за цел заштита и промоција на заеднички интереси на членовите во винарството, планирање на производството и прилагодување на побарувачката во поглед на квалитетот и квантитетот, редуцирање на производните трошоци и

стабилизирање на производните цени, како и за користење на еколошки здрави постапки за одлегување на грозје и технологија за производство на вино.

Во членот 15 како новина во законот, се предлага формирање на советодавен одбор, составен од 15 члена од сите чинители на оваа гранка, кој се грижи за остварување на политиката во областа на лозарството и винарството. Тие ќе му предлагаат на министерот мислење и стратегија за лозарство и винарство. Понатаму законот ја обработува примената на пропишаните енолошки средства и постапки за производство на вино, со кои во целост се согласувам и немам коментар.

Членот 24 определува дека виното кое се става во промет мора да биде означено заради заштита на интересите на потрошувачите и производителите и презентација на производството на квалитетни производи.

Имав забелешка на текстот на членот 27 што сега Владата тоа го прифате, а се однесуваше на етикетата на која стоеше Република Македонија или друг еквивалентен израз. Сметам дека тој друг еквивалентен израз требаше да се избрише бидејќи е несоодветен, неподобен, двосмислен, а ние имаме едно име. Тоа е името Република Македонија. Затоа сметам дека на етикетата треба да стои само Република Македонија, а не друг еквивалентен израз.

Понатаму, во законот, во членовите од 28 до 34 се обработуваат вината обележани со географска ознака, што сметам дека заштитата на географското потекло на виното е многу важна работа за пласманот на виното. Вината обележани со географската ознака се делат на регионални вина, квалитетни вина и врвни вина кои се обележуваат со заштитни имиња, ко се наведуваат во листата на заштитните имиња и друг не смее да ги употребува. Само со овие вина можеме да излеземе и да конкурираме на светскиот Пазар за вино.

Имам мала забелешка на членот 34, што се однесува на Комисијата за дегустација на вино, а која ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во законот се вели дека таа е составена од пет члена а не наведува од кои. Јас предлага три члена да бидат од производителите на вино, еден член да биде од научните установи и еден член од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во членовите од 35 до 42, од Закнот, е утврдено кој врши надзор за спроведување на законот. Тоа е Министерството за земјоделие и кој врши инспекциски надзор. Тоа е Државниот инспекторат за земјоделство. И на крај се

предвидени казни за прекршок, согласно висините за парични казни, утврдени со Законот за прекршоци, за што немам никакви забелешки.

Од сето тоа што досега го кажав, сметам дека законот за вино ги регулира односите во лозарството и винарството и е доста флексибилен, бидејќи содржи доста одредби кои овозможуваат одредени прашања да бидат регулирани со подзаконски акти, со кои конечно би се заокружила областа.

Сметам дека министерот ќе донесе подзаконски акт, во кој ќе стави рамки на непосредна соработка помеѓу лозарите и винарите, а во проавец лозарите да произведуваат квалитетно грозје, според членот 11 од Законот, а винарите да произведуваат квалитетно вино за извоз и од оваа година, за наредната година да се договорат меѓусебе за количината и квалитетот на грозјето кое ќе го откупат винарските визби, а цената на грозјето да се утврди според бербата , а според постигната цена на виното, на пазарот. Тогаш кога ќе се догорат овие работи помеѓу лозарите и винарите, ќе немаме блокирање на винарските визби, ќе немаме ниту штрајкови и тие заеднички ќе работат, бидеќи сега е веќе пазарно стопанство и пазарот ја диктира цената на грозјето и виното, а не држават акоја нема обврска да го откупи, или плати, грозјето и виното и нема субвенции.

На крај, сметам дека овој закон за вино е квалитетен закон и е усогласен со законодавството на ЕУ. Со овој закон ќе се надминат досегашните пречки со кои се соочуваа винарите односно винарските визби при извозот на виното. Законот е во интерес на лозарите и винарите.

Јас доаѓам од градот на грозјето и виното, градот Неготино и го подржувам овој закон и ќе гласам за него. Сметам дека и Парламентот ќе го изласа односно ќе го донесе овој закон.

И на крај, бидејќи во виното е вистината, на сите колеги кои ќе гласаат за овој закон им благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Витановски.

Повелете г-дине Даневски имате збор.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Ако се земат предвид бројките дека Македонија располага со 28.000 хектари лозов насад, ако се земе предвид дека Македонија секоја година произведува околу

220 до 260 милиони литри вино и ако се земе предвид бројката со квотите околу 300 хактолитри секоја година извоз на квалитетни вина, девизниот прилив во Република Македонија од 30 до 35 милиони долари, ќе се види дека виното учествува многу во извозната политика на Република Македонија.

Законот што се предлага, прво, треба да се усогласи со европското законодавство, каде што законодавецот во дел или во суштина е усогласен, да кажеме, во делот на нормативата, но она што стои како отворено прашање за сите нас во Република Македонија и што не загрижува е не само тоа што 80% од производството на виното оди како наливно, тоа е голема штета затоа што најквалитетното вино од Република Македонија оди во рејфус и со тоа Република Македонија губи уште 50-тина милиони девизен прилив.

Во самиот закон како негативна страна, односно не е негативна, туку не е добро поставена работата е следната. Имено, во Република Македонија како отворено прашање е што имаме производители на грозје како една категорија, потоа имаме чисто винарски визби и имаме винарска визба со свое производство. Ова го зборувам затоа што во сите нови контакти и договори со земјите од Европа и оние кои се консументи на нашето вино се бара сите македонски визби да имаат и сопствено производство со што ќе направат уште поголем квалитет и квантитет на виното.

Добра работа е тоа што се оди на стратегија, да се изрегулира со националната стратегија, со тоа што ќе значи одобрување на нови лозови насади, што значи да има контролирано садење на многу квалитетни сорти на винова лоза, затоа што во разни региони имаме разни сорти кои не се соодветни и не одговараат на местото каде се произведуваат. Со ова мораме да потсетиме дека во Македонија успешно оди и голем придонес има за развојот и за извозот на вино придонесува Институтот при Земјоделскиот факултет во Република Македонија, со тоа што секоја година дава поддршка на производителите и на извозно ориентираните винарски визби во Република Македонија. Мораме да кажеме дека е за поздравување тоа што ќе постои Национален регистер, кој ќе ги регистрира во катастарот и Националниот регистер ќе ги регистрира сите лозови насади. Во законот децидно стои дека сите оние кои сакаат да го уништат лозјето или како се вели да го изкопаничат, тоа да неможат да го направат без дозвола на Министерството, што значи дека тоа влегува во стратегијата, но и сите идни потенцијални лозово корисници или оние кои ќе сакаат да се занимаваат со лозарство и винарство мора да добијат дозвола од

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, што ќе значи поголема контрола и поголемо насочување и остручување на сите заинтересирани.

Мораме да кажеме дека во Македонија има традиција и се воведуваат нови и нови кадри, во делот на енолозите кои студираат и се осовременуваат во поразвиените земји во делот на винарството како што се Франција и Италија.

Сега мораме да кажеме една генерална забелешка на Владата, на државата, на сите нас и на Парламентот. Ако знаеме дека имаме традиција и ако имаме сигурен извор на девизен прилив кој се движи од 30 до 50 милиони долари секоја година, многу малку Македонија, државата или Владата или министерствата работат на презентација и она што значи рекламирање. Да направиме една компарација или паралела. Минатата година Италија како држава и како еден од поголемите извозници на вино, но и Франција, трошат во своите држави и андвор од нив меѓу 30 и 50 милиони долари. Знаете што значат тие 30 или 50 милион долари? Тоа значи девизниот прилив кај нас од извозот на вино, 80% од тоа или 300 хектолитари, Франција и Италија го даваат во реклами. Тоа е една огромна машинерија. Ова го зборувам од проста причина што ние како држава, Владата и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство мора да најдеме стимулации, мора да ги заинтересираме сите потенцијални производители кои ќе се занимаваат со лозов насад и производство на вино. Мислам дека државата мора да даде стимул и дали ќе направиме стимул во делот на она што значи ослободување или намалување на дел од ДДВ за хемија односно за пестицидите, односно дали ние како Министерство за земјоделство ќе им дадеме поволни услови, земјиште кое е општествено, да ги стимулираме за да може да се шири оваа гранка. Видовме дека оваа година имавме некое недоразбирање. Недоразбирањата доаѓаат не заради тоа што винарските визби сакаат во делот на откупната цена да ќарат. Ни случајно, но следејќи го тоа што се случува во Европа и ако сакаме да бидеме сигурни на европските пазари со квалитет, тоа значи дека и квалитетот на грозјето мора да се подобри, а производителите мора да работат на европските стандарди. Не случајно дојде околу недоразбирање околу откупната цена, затоа што правилата на играта и стандардите во Европа бараат да бидат шеќерните единици оние стандардните што за црното грозје се над 19 шеќерни единици, а за белото грозје да не смеат да бидат помалку од 13,5 шеќерни единици. Тука доаѓаат недоразбирањата околу цената, но ако ги знаеја и оваа година овие работи, недоразбирањата што се случија со производителите и оние што ќе бидат во делот на откупот на грозјето, винарските

визби, винарските визби веќе кажуваат една порака до производителите дека мора да се придржуваат како производителите така и винарските визби со производството на супер квалитетни вина, за да бидеме квалитетни на пазарот. Ние имаме квалитет, но мора да направиме да има уште поголем квалитет.

По втор пат сакам да потенцирам дека многу малку се работи на пропагандата. Посебно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија мора да направат национална стратегија каде Македонија како држава ќе биде присутна на сите саеми на вина, почнувајќи од Дизелдорф, Милано, во Русија, во Москва, секаде Македонија треба да биде присутна. Не треба да заборавиме дека Македонија е многу малку присутна, дури никако не е присутна на пазарот во САД и во Кина. Кина е огромен пазар, каде што мора да се направи здружение. Ова го дава и законот и законодавецот предлага да се настапи со заедничка стратегија на конкуренција на трети пазари. Македонија мора да се фокусира, иако имаме производство кое не е по обем како она во Франција и Италија, но годишно произведуваме од 220 до 280 милиони литри вино, тоа значи дека сме сериозен партнер и можеме да настапуваме на кинескиот пазар, во Јапонија, Индонезија и САД. Сигурно дека најголем конкурент на Македонија ќе доаѓа од Чиле, Јужна Африка, Нов Зеланд и Австралија, но можеме да кажеме дека географското поднебје на Македонија дава над 200 сончеви денови, така што поднебјето одговара за квалитетни сорти на грозје.

Сигурно мора да ги почиуваме стандардите и самиот закон налага усогласување на нашето законодавство со европското законодавство. Во нормативниот дел овој законски проект е добар и издржан ќе добие моја лична поддршка, односно како пратеник ќе гласам за овој законски проект.

Меѓутоа, како генерална забелешка би била една порака што би ја испратил до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и до Министерството за економија дека Македонија мора заеднички да настапува со заеднички тим и ако треба заедничка стратегија за одржување на сите саеми на вино ширум Европа и светот. Во контекс на тоа, би го поддржал законот и ќе гласам за него.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Манев, имате збор.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,

Гледајќи го законот и слушајќи ги претходните говорници, сметаме дека се работи за еден квалитетен закон кој нашето законодавство го приближува до европското законодавството во однос на производството на вино.

Сепак, и во првата фаза укажав на некои недостатоци кои не се отстранети, би укажал и сега и сметам дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство набрзо треба да интервенира во овој нов закон, а тоа се однесува на следното:

Законот предвидува повеќе мерки за производство на винова лоза, производство на грозје за вино, дека секој производител на грозје за вино и за засадување на лозовата сорта за такво производство на грозје за вино треба да побара одобрение од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и доколку таквото одобрение не го побара и ако насади поинаква сорта на лозови насади таа сорта ќе биде ископана. Незнам од каде и на кој начин дошло Министерството до таква констатација дека во Република Македонија сорти на винова лоза се засадуваат исклучиво по налог на Министерството, дали Министерството ќе го откупува тоа грозје и ќе прави вино и дали ќе може да наложи на производителите на вино да ја откупат таа сорта на грозје.

Затоа, би сакал само во тој дел да укажам на Министерството дека е неопходно да размисли, по донесувањето на овој закон што сметам дека ќе го донесеме и квалитетни одредби има во него, на кој начин и како во законот да внесе некоја одредба со која ќе ги принудува производителите на вино, нешто слично како во Законот за тутун,да склучуваат договори за своето производство за грозјето, а истовремено тие да налагаат какви сорти винова лоза е потребна, отколку што тоа ќе го прави министерството. Јас незнам, секој еден производител на грозје за вино, ако побара одобрение од Министерството и тоа одобрение му биде дадено, кога ќе го произведе тоа грозје ако не му го откупи ниту една винарска визба, дали тогаш ќе го прифати министерството и каде ќе го носи. Заради тоа веројатно во развиените европски држави во законот има некоја одредба која укажува на потребата на врзувањето меѓу производителите на вино и производителите на грозје, тие да бидат во тесна соработка и да гарантираат за откупот на таквата сорта на грозје.

Повеќе од 15-20 години во Македонија, веројатно тогаш министерството или секретаријатот за земјоделство, се протежираше производство или засадување на виновата лоза “Смедеревка”, за која денес се вели дека е неквалитетна. Лозарството е долгогодишен насад и сметам дека е потребна поголема стратегија ако сакаме на пазарите да котираме и со квалитетно вино и со рентабилно производство на грозје и вино, неопходно е да постои во законот одредба каде овие две групации, иако и двете припаѓаат во гранката на земјоделството, сепак засега се одвоени, а верувам дека секаде се одвоени, производителите на вино и производителите на лозови насади мора да се во тесна врска, врзани со закон, а потоа министерството може да донесе подзаконски акти, во врска со што зборуваше колегата Јанаќе. Сега во овој закон неможам да најдам врз основа на што министерството ќе донесе подоцна подзаконски акт и на која одредба од Законот ќе се повика да донесе ваков подзаконски акт.

Затоа, би гласал за законот, но сметам дека е неопходно и самите одредби од Законот укажуваат дека е потребно министерството да се позанимава со таа проблематика и да најде место да изврши изменување и дополнување на законот со една одредба во која ќе има поврзување на овие два правни субјекти кои ќе се занимаваат со овие гранки на земјоделските производи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 61 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за вино.

**Минуваме на точката 21 - Предлог на закон за идентификација и регистрација на животните.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 5 став 1, член 6 став 9 во вторaта реченица, член 7 став 1 и 4, член 10 став 10 во третата реченица, член 11 став 2, член 19 став 2, член 23 став 2 алинеја 1, на насловот на член 24, член 24 став 1 во втората реченица став 3, 4 и 6, член 25 став 7 во првата реченица, член 27 став 1 во точките 2 и 5, член 29 и на член 30 став 2 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Прелдогот на законот.

Кој бара збор?

Има збор Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Почитуван претседател, почитувани претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, колеги пратеници, уште во првата фаза, односно кога дискутиравме за Предлог за донесување закон во месец мај и тогаш рековме дека се работи за доста квалитетен закон. Денес сметаме дека со овој Предлог закон квалитетот е уште на поголемо ниво, бидјеки сите оние забелешки од комисиите и од расправата во Собранието се вметнати во самиот Предлог закон. Целта што требаше да се постигне со овој закон сметам дека е постигната бидјеки ни се нуди навистина значаен и квалитетен закон и една од целите на овој закон да го следи движењето на животните за потребите на ветеринарното здравство е реализирана. Тоа практично значи превензија, следење и контрола на заразните болести кај животните. Без оваа законска регулатива би имале негативно влијание врз сточарското производство, пред се во размената на месо и производи од животинско потекло со другите земји, а од друга страна како што веќе и реков, негативно влијание на заштитата на здравјето на животните, а со тоа и посредно на здравјето на луѓето и заштита на животните и природата.

Бришењето на членовите 21 до 25 од Предлогот за донесување на законот за идентификација и регистрација на животните, односно овластени организации, квалификации, тендер, договор и престанување на договорот се заменуваат со член 21 од Предлог законот, а со тоа и самата смисла на законот добива во квалитет, бидејки оваа проблематика ќе биде регулирана со подзаконски акти, или е веќе регулирана со некои други закони.

Во член 24 каде што се зборува за инспекциски контроли кои треба да се спроведуваат со цел да се обезбеди правилно обезбедување на системот за

идентификација и регистрација на животните каде се предвидува да мора да опфаќа најмалку 10% од одгледувалиштата. Јас во првата фаза реков дека до 20%, но дополнително образложение по Предлог законот јас се сложувам дека најмалку 10% е сосема доволно бидејки  секој пат останува можноста за 15%, или 20% кај оние одгледувалишта каде што немаме извршено идентификација и регистрација на животните. За практично спроведување на овој закон многу е важна транспарентноста, односно запознавање на одгледувачите кој ќе ги поднесе сите оние давачки во однос на надоместоци на трошоците, бидејки скоро сите закони, посебно законите во земјоделството и законите во сточарството многу е важно кој ќе ги поднесе трошоците, бидејки првото прашање и на земјоделецот и на сточарот е во смисла на поднесување на трошоците. Тоа е регулирано со законот, односно во член 18 каде што е кажано дека средствата за воспоставување на системот за идентификација и регистрација на животните ќе бидат од Буџетот на Република Македонија со донации и со други извори. Само да напомнам дека до 2008 година комплетно ќе биде финансирано од Буџетот, во 2008 година одгледувачите ќе учествуваат со 25%, во 2009 година некаде околу 50%, во 2010 година 75%, а за 2011 година и понатаму тоа ќе биде на товар на самите одгледувачи. Но, тоа не значи дека државата се откажува од овие сточари, туку напротив за секоја идентификација и регистрација на животните ќе има дирекни стимулации.

На крајот треба да се сватат дека законските новини не значат само обележување и регистрација на животните со ушни маркици, туку напротив, тоа значи и негово движење, односно следење на неговото движење и водење на матично книговодство, да не кажам, еден вид досие за секое грло. Во секој момент исто така имаме на увид колку семејства се бават со оваа дејност, бројот на грлата, нивната здравствена состојба и т.н. Со еден збор, се она што европското законодавство го бара од оваа област е вметнато во самиот закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство г-динот Бесир Јашари.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, на почеток би кажал дека се работи за втора фаза и нема да се повториме со тоа што е кажано во првата фаза. Но, само ќе кажам кои новини се за овој закон. Најбитно е по нас дека за Законот за идентификација и регистрација на животните од страна на Европската агенција за

реконструкција од ЦАРДС програмите се обезбедени средства од 2,6 милиони евра. Тие средства се од Буџетот на Република Македонија  30 милиони денар. Што значи дека овие средства се дадени за идентификација и регистрација на животните што ќе може понатаму, тоа што беше речено од страна на пратеникот, да се следи движењето, да се следи состојбата на животните каде што ќе можат да се инкорпорираат субвенциите, кредитирањата, осигурувањата на животните и кој што закон е усогласен со Европската унија. Цениме дека е многу битен закон како и Законот за вино каде што имаме 30 до 35 милиони евра позитивен девизен ефект. Овде имаме околу 11 милиони евра позитивен девизен ефект од јагнешкото кое јагнешко ќе треба да го пласираме во европските пазари и ова е патот каде што ќе треба да одиме, да се движиме. Ако не ги почитуваме овие правила и ако не го донесеме овој закон во блиска иднина не ќе можеме да извезуваме јагнешко и понатаму што е поврзано и со субвенциите на сточарството било тоа да е говедарство, овчарство, свињарство и т.н. Затоа очекуваме да се гласа од страна на Собранието и мислиме дека ќе се донесе квалитетен закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Борче Петковски.

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, колеги пратеници, само уште неколку збора во врска со овој закон. Најнапред да го изнесам моето задовослтво што сите мои забелешки од првата фаза во целост се прифатени и вградени се во Предлог законот со што во значителна мера се поедноставува неговата примена. Мора да се напомене дека овој закон е еден од ретките кој ја зема во предвид целата легислатива на Европската унија за идентификација и регистрација на животните. Исто така, треба да се истакне дека досегашната состојба во врска со идентификацијата и регистрацијата на животните негативно влијаеше на сточарското производство, создавајки сериозни проблеми при извозот на јагнешкото место со тенденција состојбата со извозот на јагнешко месо да се влошува поради неисполнување на стандардите кои важат во земјите членки на Европската унија. Со практичната примена на овој закон овие проблеми ќе се надминат.

Накратко само да истакнам дека овој закон овозможува обезбедување на подобра контрола на животните од нивното раѓање, движење, колење и угинување, овозможува поефикасно спроведување на превентивни мерки за спречување на

појавата на заразни и паразитарни болести кај животните како и поефикасна борба за нивно сузбивање. Исто така, законот овозможува и подобрување на контролата и на ветеринарните прегледи при увозот и извозот на животните. И што е најбитно во ланецот на производство на здрава храна и контрола на производството на храна од животинско потекло. Со оглед дека се работи за еден битен закон со кој се овозможува поефикасна контрола на здравствената состојба на животните и е битен за интензивно сточарско производство, очекувам да биде подржан од сите пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 59 пратеници.

Ве известувам дека десетте минути течат за кворумот.

Предлогот на законот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за идентификација и регистрација на животните.

Објавувам пауза до 14,00 часот.

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 14,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Преминуваме на 22-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ловство, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Збор има господинот Петровски.

БОРЧЕ ПЕТРОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе.

Можеби овие предлог измени на законот за ловство се од техничка природа, меѓутоа се битни затоа што дел од нив се во функција на заштита на животните во ловиштето.

Таква е измената во членот 1 која се однесува на член 21 од Законот за ловство и се овозможува подобра  заштита на птиците кои не претставуваат дивеч во смисла на Законот за ловство, бидејќи голем број на птици се продаваат по пазарите, а за тоа не постоеше досега некоја законска регулатива за да може да се санкционираат ваквите дејствија.

Во функција на заштита на дивечот во ловиштето и членот 4 со кој се дополнува член 43 од Законот за ловство, така да во случај на одземање на ловиштето од концесионерите да може  некој да се грижи за одгледување и заштита на дивечот во ловиштето, до доделување на ловиштето на некој друг концесионер.

Со членот 5 од Предлогот за изменување и дополнување на Законот за ловство се интервенира во член 50 од Законот за ловство со што се овозможува годишните планови за спроведување на посебните ловостопански основи да бидат што пореални и да се изготвуваат после извршено пролетно пребројување на дивечот и утврдување на фактичкиот матичен фонд на дивечот во ловиштето за да може и реално да биде заштитен.

Со измената предложена во член 6 се овозможува и физичките лица отстреланиот дивеч да го продаваат во јавната потрошувачка. Со овој член се постигнува ефект со тоа што физичките лица ќе мора да поседуваат документ за потеклото на дивечот. Тоа значи ќе мора да платат и одреден надомест на концесионерот и што е уште побитно, бидејќи оди во јавна потрошувачка, во ресторани, во продавници пред да стигне во јавна потрошувачка да биде и прегледано од ветеринарна служба, да се добие соодветна дозвола за нагова продажба односно исправност на месото.

На крајот само уште неколку збора за измените предвидени со член 2. Предлагачот на законот за изменување и дополнување на Законот за ловство предлага бришење на зборовите “бонитет” и “капацитет”, во член 30 од Законот за ловство.

Оваа предлог измена ја разбирам затоа што бонитетот и капацитетот се менлива категорија која ќе треба стално да се подобрува и единствено можам да ја

разберам затоа што претпоставувам во иднина значително бинитетот и капацитетот на ловиштето би влијаело на цената на концесијата.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Петровски.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Морам да констатирам дека десетте минути почнуваат да течат.

Ги молам сите пратеници кои се надвор да влезат затоа што ќе го утврдуваме кворумот по десетте минути.

Молам уште еднаш службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

(Некои пратеници влегуваат во салата)

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ловството.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници.

59 гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот

Отворам  претрес по текстот на Предлогот на законот

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 7 во новата точка 22, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за ловство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Минуваме на точката 23. - **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка.**

Предлогот на законот и извештајот на работните тела на Собранието на Ви се доставени односно поделени.

Согласно член 98 став 5 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 94 став 2 и за менување на член 110 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесе амандмани на член 95 став 3 и на член 199 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 10 став 1, кој се однесува на новиот став 3 и на став 2, кој се однесува на на новиот став 4; член 18 во новиот член 71-а став 1; член 31 во четвртата реченица; член 49 став 10; член 53 став 6; член 58; член 63 за додавање нов став 3 по ставот 2; член 70 став 4 и за менување на став 5; член 74 став 2; член 85 во новиот член 203-в став 3 во втората реченица; член 110 за додавање нов текст по воведната реченица; член 110 во

новиот член 270-а став 3 во првата реченица; член 127 став 1 и на став 2 и на член 196 став 2 и на став 3, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на Член 10 став 1, кој се однесува на новиот став 3 и на став 2, кој се однесува на новиот став 4, поднесен од законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете господине.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на Член 18 во новиот Член 71-а став 1, поднесен од законодавно-правната комисија

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете господине.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31, во четвртата реченица, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете господине.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 49 став 10 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете господине.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 53 став 6 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете господине.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 58 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете господине.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете господине.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 70 став 4 за менување на став 5 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете господине.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 74 став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете господине.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 85 во новиот член 203-в, став 3 во втората реченица, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете господине.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 110 за додавање нов текст по воведната реченица поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете господине.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 110 во новиот член 270-а, став 3 во првата реченица, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете господине.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член  127 став 1 и на став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата  да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете господине.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 196 став 2 и на став 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата  да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете господине.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека согласно член 98 став 5 од У ставот на Република Македонија законот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Дали овде имаме двотретинскомнозинство?

Молам службите да го утврдат бројот на пратеници.

(Службите го утврдуваат борјот на пратеници во салата)

Објавувам пауза од 10 минути.

Ги молам координаторите во Охридската сала на еден договорен состанок.

(Пауза 14,30 до 14,50 часот).

(По паузата седницата продолжи во 14,50 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Сакам да ги информирам пратениците за договорот што го имав со координаторите на пратеничките групи.

Се договоривме, бидејќи реално, физички не може да се обезбеди над двотретинско присуство на пратениците за да видиме дали законот ќе добие двотретинско мнозинство или не, се договоривме да поминеме на следната точка, а да, кога ќе се создадат услови за да имаме присуство над двотретинско мнозинство од пратениците, да гласаме.

Според тоа, одиме на следната точка.

**Минуваме на точката 24 - Предлог на закон за управна инспекција.**

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 13 став 2 и на член 14 алинеја 3.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

ТАЊА АЛТАНЏИЕВА:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 алинеја 3, пондесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Алганџиева.

ТАЊА АЛТАНЏИЕВА:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

Во салата се присутни 60 пратеника.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Сега имаме 61 пратеник.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 58 пратеника гласале за, нема воздржан, нема против.

Во моментот на гласањето беа 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за управната инспекција.

Минуваме на точката 25 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Насуфи, имате збор.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам господине претседател.

Ние денес речиси стана практика секоја година да се анализира Законот за вработените во државната администрација. Меѓутоа, секогаш мотивот бил поинаков, меѓутоа ово пат мотивот е поинаков. Со овој Предлог-закон, всушност, се прави обид преку измени, минорни измени, незначајни измени, според мене и нелогични да се постигне една голема цел како што е вработувањето на албанците во државната администрација. Всушност, жалам што министерот за правда не е присутен тука и изгледа неговиот мотив е токму тоа да не ги слушне нашите забелешки, бидејќи претходните закони беа во последна фаза на усвојување, меѓутоа, со овој закон за жал, се прави обид да се измамат и албанците и кадрите и да се измамат сите тие кои очекуваат Охридскиот договор да заживее. Всушност, со овој закон веќе сега се модифицира на некој начин Охридскиот договор во сегментот кој што е во однос на опфаќањето и интегрирањето на албанците во државната администрација. Зошто го

велам ова? Ова го велам бидејќи ние во Охридскиот договор го имаме многу јасен фактот кога велиме дека годината 2004, посебно во некои сегменти на јавната администрација од аспект на вработувањето ќе ја изрази структурата на граѓаните во Македонија. Гледајте во последната одредба во членот 95-б од законот, каде што се предлага се вели дека овојзакон ќе почне да се применува во 2007 година.. Значи, гледајте каква девијација и деформирање се прави на Охридскиот договор. Значи од 2004 година , што беше обврска превземена во Охрид премина во 2007 година. Навистина измама, голема измама.

Друго, што е покарактеристично во член 95-а фактички не се овластува, туку се говори дека владината институција е таа која ќе одлучува дека етничките заедници, или албанците ќе се вработуваат, или нема да се вработуваат според оваа постапка или со онаа постапка на некој начин. Никој, ниедна норма на овој закон не обврзува ниеден орган, ниедна институција за тоа кога, колку и во кој временски период ќе ги прими немакедонците да кажам условно, така се изразува законот и на овој начин оваа правна норма која не е спроведлива фактички, не е ни правична затоа што не постојат санкции со кои ќе се обезбеди дека барем во 2007 година ќе почне процесот на опфаќање и вклучување на албанците во јавната администрација. Напротив, во последната година имаме и еклатантни примери на исклучување од работа, односно отпуштање од работа, а не на примање на работа.

Јас не знам што е целта на Владата да предложи да донесе ваков закон кој што на крајот на краиштата со таква сила и со таков карактер не обврзува никого, ниту Владата ниту други институции, а најмалку ги обврзува јавните претпријатија. Затоа, мое мислење е ваквата пропаганда која што сега се прави е подобро да се врати повторно уште еднаш и да се утврдат датуми и начини на прием и на интегрирање на албанците во државните институции, во јавните институции така како што е во Охридскиот договор. Ве молам, ние не можеме да дозволиме и понатаму од албанците, или од другите да бараме да ги почитуваат и институциите и правата и обврските, додека од друга страна да не им ги приближиме на дециден начин за да можат да се интегрираат во институциите на системот, така како што предвидува Охридскиот договор.

Затоа, мое мислење е овој закон Владата да го повлече и во духот на Охридскиот договор да предложи нов закон.

Благодарам госпоѓо потпретседател.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господин Ејуп Рустеми.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател.

Јас би сакал да му реплицирам на колегата Џевдет Насуфи, бидејќ кога го прочита членот 95-б е во ред да го прочита така како што е и да не ја лаже јавноста. Можеби сам го нема разбрано. Почитуван господине прочитајте го добро законот. А законот вели до 31 декември 2006 година, а не вели од 2007 година. Значи ќе се спроведува до 31 декември 2006 година.

Понатаму, кога говорите со законот, исто така треба да го кажете и тоа за членот што е во законот кој вели дека тоа е за администратори кои земале обука. А овие не се малку, туку се 600 млади кои ја следат обуката и се при завршување на оваа обука.

Во однос на претпријатијата, јавните претпријатија, исто така треба да и кажете на јавноста и да бидете реален дека за јавните претпријатија исто така сме донеле Закон и сме ја направиле измената на Законот што е во согласност со Уставот за правичната и соодветната застапеност. Затоа, не е во ред да манипулирате на овој начин со јавноста. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Џевдет Насуфи имате една минута.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Јас не го спомнав Охридскиот договор неслучајно кога вели дека во 2004 година вработените ќе ја изразат демографската карта на Македонија. Од каде сега излезе 2006 година, или 2007 година, па макар да е така како што вели пратеникот. Затоа овде се говори односно се прави девијација и нов договор и ова нема врска со Охридскиот договор.

Затоа, да ја расчистиме таа работа што се однесува на курсистите. Тоа е нешто друго. Нема врска со законот, затоа што законот на крајот на краиштата не санкционира нешто што го санкционираат внатрешните акти на институциите. Законое е законски акт со општ карактер и не регулира специјални области како што се евентуално администраторите и треба да учат и да станат стручни. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Абдулаќим Адеми.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател.

Јас би сакал да се изјаснам во врска со предложениот закон за државни злужбеници. Имајќи го предвид фактот дека целосната имплементација на Охридскиот рамковен договор, односно почитувањето на Уставот е еден од главните услови за внатрешна стабилност на Република Македонија  и еден од главните услови кои ја приближуваат Македонија кон Европската унија, тогаш е потребно да се создадат механизми за имплементација, или за остварувањето на оваа цел. Токму донесувањето на овој закон ги создава овие механизми за остварувањето на еден од главните принципи на Охридскиот договор за правичната и соодветната застапеност на сите етнички заедници во Република Македонија. За создавањето на довербата на граѓаните во однос на државните институции правичната застапеност е еден од главните услови. Затоа неслучајно во основните принципи на Охридскиот договор е сместена и правичната застапеност и соодветната застапеност. Уште од победата на парламентарните избори во 2002 година, Владата на Република Македонија  си зеде за обврска и имаше главна цел целосна  имплементација и навремена на Охридскиот договор. Овој закон како што реков создава механизми за едно вакво нешто и ја обврзува Владата и органите на Владата за  да изготви програми со кои ќе ја остварат обуката за тие етнички заедници  во Република Македонија кои не се на соодветен и правичен и доволен начин застапени  во државната управа. Затоа засновајќи се  на тоа што го кажав погоре, јас ќе се произнесам и во име на  парламентарната група дека ќе го поддржиме усвојувањето на овој закон. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам:

Одиме понатаму со дискусии, господин  Илјаз Халими, повелете.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател.

Почитувани пратеници, имајќи го во предвид нееднаквото третирање на немнозинските заедници во Македонија, посебно на албанците и тоа во сегментот на вработувањето во администрацијата и во јавните државни претпријатија, во Охридскиот  договор се направени обиди да се  изнајдат решенија кои што ќе бидат правични и ќе се спроведуваат во иднина. Оваа определба која што произлегува од Охридскиот договор е инкорпорирана во Уставот  на Република Македонија со

амандманот 6, каде се вели: “правичното  и соодветното застапување на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната васт и  во другите јавни институции на сите нивоа”. Во овој Член на Уставот, меѓутоа и во Охридскиот договор не се нагласува неопходноста да застапувањето на припадниците на немнозинските заедници во органите на  власта и во другите институции се прави преку претходно организирање на разни курсеви за нив. Јас не сум против организирањето на разните курсеви за придобивка на нови знаења или за надградба на нивните оспособувања, меѓутоа треба оваа акција да биде со општ карактер за сите тие кои  што се заинтересирани за вакви курсеви. Значи, вршењето на ваквата обука никако не треба да биде услов за нивно вклучување во органите или во државните институции, туку само како еден од критериумите за да се има предност наспроти тие што не го направиле ова.  Со ова се остава можност да и во иднина кога нема да се организираат курсеви, припадниците на немнозинските заедници да можат да се вработат додека се постигне правичната и соодветната застапеност. Организирањето на овие курсеви, сите ние знаеме дека се направило врз партиски основи, значи Владата претходно формира комисија која што прави систематизација или избор на лицата кандидати за овие обуки, се разбира и по сугестија од базата на партиите на власт.

Меѓутоа, како и да е , ако некој мисли дека  со две-три обуки кои што ќе ги завршат младите и со нивното вклучување во  државната администрација ќе заврши процесот на опфаќање на правично и соодветно застапување, тогаш природно тој се мами затоа што многу добро се знае дека овој процес продолжува и понатамуи треба да продолжи  затоа што не може да се затвори само со толку. Во органите, институциите и јавните државни претпријатија структурата на вработените е на разно ниво. Така, меѓутоа и според Уставот амандманот 6, правичното и соодветното застапување, каде што се вели  ги опфаќа вработените во сите нивоа. Значи ова застапување не е во однос само на државните службеници, туку и  други рангови, почнувајќи од  портирот па се до министрите и поголемите  позиции. Според ова, се поставува прашање, припадниците на немнозинските заедници за да се вработат  како портири, шофери, технички работници и тн.

Дали треба да се организираат курсеви, како и за другите работни места. Секако дека не. Јас мислам дека и на овие работни места застапувањето исто така треба да биде соодветно и правично. Меѓутоа, за ова, нормално за изборот треба да одлучат самите работодавачи. Покрај ова, имам забелешка и на точката 5 од членот

95-а, според кој распоредувањето на овие курсисти ќе го прави Владата. Ова е неприфатливо за мене од причина што претходно знам, а верувам дека и сите вие знаете врз каква основа ќе се прави оваа распределба. Убеден сум дека партиските критериуми оваа Влада не ќе може да ги избегне. Ова е прво.

Второ, оваа акција која што Владата сака да ја озакони личи како негогашните акции на комунистичката партија кога ги принудуваа претпријатијата или разните институции да земат по двајца или тројца кадри повеќе, без да имаат сметка за нивните можности и способности. Во тие акции повеќе трпеа тие малку албански кадри, затоа што тие талкаа по ходниците на тие организации или државни институции, бидејќи работодавачите не се интересираа за нив. За разлика од ова, јас мислам дека вработувањата треба да бидат врз основа на критериумите за работ, анормално, давајќи им предност на припадниците на немнозинските заедници. Овој избор треба да го направат самите органи, државните институции и тоа според потребата што ја имаат. Ќе беше добро со закон наместо да се овласти Владата, да ги овластиме оние институции и јавни претпријатија, државни претпријатија, вработувањата да ги прават давајќи им преднос, како штпо реков и порано, на припадниците на немнозинските заедници. Значи, оваа определба или законска обврска да биде во сила се додека се постигне правичното и соодветното застапување на немнозинските заедници со заедницата која што е мнозинска. Одкако ќе се направи ова дури потоа секако треба да се зачува оваа пропорционалност за што треба да води грижа самата држава.

На крај, имајќи го предвид ова што го кажав, предлагам законот да се повлече за некое кратко време, со цел да се инкорпорираат овие забелешки и сугестии за кои што мислам дека се на место разбирливи и начелни. Доколку нема подготвеност од страна на предлагачот ова да го направи, нормално јас нема да го подржам овој закон. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има реплики.

Најпрво, г-динот Рафис Алити.

РАФИС АЛИТИ:

Со внимание го проследив претходниот говорник, така што навистина обвиненијата што ги прави на адреса на владината коалиција не држат. Доколку, во минатото се работело така како што обвинува колегата Илјаз Халими, тоа е друго прашање. Јас го уверувам дека не се работело врз партиски основи, туку во приемот

на курсистите главен критериум беше нивниот успех, на лицата кои конкурирале за да го следат овој курс. И не гледам ништо лошо во ова до колку и во иднина се организираат вакви и слични курсеви за идните администратори да имаат нови знаења и нови сознанија, покрај тие сознанија и знаења што ги стекнале во нивното школување во средните училишта. Така што, овој предлог закон кој се нуди денес овде е токму од интерес на тие млади, за да можат да основаат работен однос и ова треба вака да се каже, а не да се манипулира со јавноста. По однос на времето во комунизмот, ќе го уверам г-динот Илјаз Халими дека тоа време е минато и дека тие методи, можеби со тие методи се служеле тие во текот на нивното владеење.

Ви Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За контра реплика се јави г-динот Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Јас нагласив и повторно ќе треба да го повторам, изледа г-динот Алити не ме слушнал добро. Значи, факт е дека овие курсеви ги организира Владата. Во оваа Влада се знае кои партии се составен дел. Комисијата за прием на овие кандидати исто така ја формира оваа Влада. Гарантирам сигурно дека неколку млади кои конкрурирале со многу подобар успех од некои што се примени, тие не се примени. Значи, тежнеењето било, приемот бил на партиски основи, меѓутоа, за да не ве заморувам, ние можеме со г-динот Тафис Алити утре или задутре да разговараме и да му осигурам документација од неколку млади кои што биле со прекрасен успех и не се примени. Што беше ова?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Халили, изгледа прв пат денес ова го слушнавте, меѓутоа, тоа е најава дека се останати уште одреден број на секунди. Инаку, можете да го докористите до крај времето. Тоа ќе биде за следната реплика. (г-динот Халили реагираше на звукот од системот за снимање)

Сега, за реплика е јавен г-динот Агим Џелили.

Г-дине Џелили повелете.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван колега, г-дине Халили, вие говоревте за курсистите дека се примени со партиски обележја и дека тие ќе им подлегнат на другите обврски и други испити итн. Навистина, ние сме вработиле секаков кадар кој ги исполнува сите стандарди и критериуми и пред се тоа се одлични ученици и уште повеќе тие се

албанци. Второ, со завршувањето на оваа обука априори овие нема да подлегнат на ниту една друга законска санкција или друг испит, туку директно ќе се вработат во соодветните институции во управата, а што е една предност за која сме се ангажирале сите заедно.

Трето, овде се работи за државни службеници. Во однос на правичната застапеност вие сигурно ја следите јавноста и медиумите и дека ние сме отвориле конкурс речиси за 420 вработувања во здравствените установи, исто така, перманентни вработувања имаме во органите за внатрешни работи, во органите за одбрана, така што имаме конкурс 30 вработување за преведувачи, лингвисти во Владата итн. Тоа значи дека сме се ангажирале на перманентен начин за правичната и соодветна застапеност и тука секако дека нема да молчиме туку ќе се ангажираме и понатаму. Во однос на вас би било коректно најмалку да понудевте еден амандман по однос на овој закон, кога се знае дека овој Закон е донесен сега и вашата заинтересираност ќе беше поголема до колку говоревте за некој амандман, кој би бил даден од ваша страна. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дин Илјаз Халими има контра реплика.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Што се однесува на тоа зошто не сум предложил амандман, колега Агим треба да се согласиме со еден факт дека ниеден амандман поднесен од пратениците на ДПА во текот на овие две години не поминал и општа констатација е дека така ќе се продолжи и понатаму. Затоа, напразно е да губиме време во подготовка или составување на амандман. Јас сум против тоа Владата да прави распоредување на овие млади курсисти. Зошто не им се остава на самите институции, на органите, на администрацијата, сами врз основа на критериумите кои што ќе ги определат. Нормално, предност имаат припадниците на заедниците, немнозинските заедници. Јас мислам дека на овој начин ќе може односно овој начин ќе биде најкоректен за нивно опфаќање во овие институции, одколку преку Владата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Имаме реплика до Хусеинџевад Хусеин.

ХУСЕИНЏЕВАТ ХУСЕИН:

Забелешките што ги дадоа колегите ги разбирам поинаку. Тие имаат право да прават забелешки, но вистина е дека е една апологија на денешната политика и нивните забелешки. Некогаш ние прашувавме самите себеси каде е крајот на

лошото, на злото, се одиме кон лошото. Сега и самата опозиција бара каде е плафонот на доброто. Доброто нема плафон. Доброто е еден процес кој се чекори некогаш полека, некогаш побрзо и никогаш не се достигнува. Главна е насоката. Насоката е кон доброто, а ова го докажуваат и тие. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Џевден Насуфи, вие веројатно не му реплицирате на колегата.

Ако му реплицирате, повелете.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Г-ѓо потпретседател, реплика значи и дополнување. Јас само ова сакам да го кажам, дека на крајот на краиштата за 600 курсисти не го достигаат бројот од 23% албанци да се вработат во јавната администрација. Неначелно е г-динот кординатор на СДСМ да реагира на таков начин, бидејќи ние имаме причини, многу посилни причини да реагираме така. Благодарам г-ѓо потпретседател.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дин Јусуф Арифи се јави процедурално.

ЈУСУФ АРИФИ:

Г-ѓо потпретседател, мислам дека требаше да реагирате веднаш откако г-динот Насуфи, иако се јави како реплика, но неговиот говор не беше реплика. Значи, тој нешто дополни од тоа што го кажал во неговата дискусија. Г-динот Халими, фактички, вие му овозможивте на неправилен начин да го изрази тоа, за да дополни нешто. Јас би ја искористил можноста, бидејќи во својата дискусија г-динот Илјаз Халими го спомна тоа дека и јас ја користам можноста, спомна дека се одело по партиски основи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам, нема проблем, меѓутоа, да не одиме под процедурално, да има реплики.

ЈУСУФ АРИФИ:

Токму поради тоа г-ѓо потпретседателке, вие му овозможивте некој да направи едно процедурално прекршување и сега можам да искористам .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам, не е оправдување дури и така да било, а не било така. До колку сакате реплика, сосема слободно можете да се пријавите, неманикаков проблем. Сега може да завршите со процедуралниот дел ако сакате и потоа да се пријавите за реплика. Тоа е ваше право.

ЈУСУФ АРИФИ:

Добро, тогаш можам да продолжам како реплика, доколку вие така сакате.Продолжувам со реплика што се однесува на тоа дека г-динот Илјаз Халими спомна дека се постапувало во селекцијата на овие курсисти по апртиска основа. Значи, за да го докажеме тоа дека ние навистина не сме имале како критериум тоа, би рекол дека г-ѓата на г-динот Илјаз Халими и ден денес е директорка именувана и понатаму е на таа функција иако ние ова не сме го земале предвид. Значи, на еден начин докажуваме дека не сме се воделе и не била некоја агресивна енергија врз лицата кои биле именувани или вработени, туку сме оделе кон професионалниот дел. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-динот Илјаз Халими има една минута реплика.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Ова не е оправдување за многу испуштања од работа што ги правевте многуте министерства, посебно Министерството за труд и социјална политика, почнувајќи од Битола ние со имиња и презимиња имаме список на чистки што се правеле. Таа можност вие ја имате, тоа не е проблем, и ние тоа го знаеме и воопшто не се лутиме да носите ваши кадри ако мислите дека имате кадар кој што е потребен и можеби подобро да ја води работата. Што се однесува на застапувањата, мислам дека до 2006 година со само 600 кои завршиле неможе да се покрие тоа опфаќање и застапување на албанците што треба да се направи. Овде има една девијација во однос на вработувањето на албанците што треба да се направи. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Завршивме со репликите.

Се јави заменичката министерка за правда, г-ѓа Тања Алтанџиева.

Повелете.

ТАЊА АЛТАНЏИЕВА:

Ви благодарам почитувана потпретседателке, почитувани пратеници,

Доколку ми дозволите би сакала накратко да објаснам зошто Владата се одлучи да донесе предлог за дополнување на законот за државни службеници.

Имено, Законот за државни службеници беше донесен во текот на 2000-та година како дел од групата на закони за создавање на правната рамка за

спроведување на реформата на јавната администрација. Имено, во текот на имплементацијата на Законот во изминатите 4 години се направија неколку измени и дополнувања на Законот во насока на допрецизирање на одделни одредби и наоѓање на посоодветни и на применливи решенија за прашањата што ги уредува овој Закон, а кој што се значајни за востановување на системот на државната служба.

Од тој аспект, а во функција на имплементирање на амандманот 6 од Уставот на Република Македонија, со кој е утврдено начелото за соодветна иу правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници во органите на Државната власт и на другите јавни институции и на сите нивоа, со цел заради подобрување на спроведливоста на одредбите кои се однесуваат на соодветната и правичната застапеност на припадниците на заедниците, се наметна потребата да се пристапи кон дополнвуање на Законот за државни службеници.

Имено, Владата на Република Македонија во претходниот период со подршка на Европската агенција за реконструкција, согласно Програмата за обука за стручно административни државни службеници припадници на заедниците за работа во државната служба, организираше обука за 600 лица кои што се припадници на заедници со завршено средно образование, за нивно стучно оспособување за работа во државната служба на работни места во звања од групата на стручно административни државни службеници.

Со завршување на огласот беше направена селекција налицата кои ги исполнуваа условите според однапред утврдени критериуми. Со предложените измени се создава правна рамка, припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија, а кои имаат завршено средно и високо образование, значи не само средно, туку и високо образование, без оглед дали се опфатени со оваа или со идни обуки, по завршување на обуката, доколку успешно ја завршат истата ќе се вработат во органите наведени во членот 3 став 2 и 3 без објавување на јавен оглас.

Исто така, за оваа категорија на лица обуката ќе се смета за положен стручен односно приправнички испит, а времетраењето на оваа одредба односно на овие законски дополнувања е лимитирано до 31 декември 2006 година.

Со дополнувањата на законот за државни службеници во предложениот текстот што ви е доставен и во амандманите на Владата кои што беа усвоени на вчерашната седница и се составен дел на текстот на Предлогот на законот, а со цел

да се зголеми ефикасноста и ефективноста на Управата за јавни приходи, лицата со посебни должности и овластувања односно даночните инспектори и раководните лица кои раководат со одделни организациони форми фо Управата за јавни приходи, се изземени од овој Закон и немаат статус на државни службеници. Значи, со овие законски дополнувања кои што се од времен каракте, а се со цел да се постигне напредок во реализацијата на Програмата на Владата за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои што не се мнозинство во Република Македонија . Исто така, тоа е имплементација на начелото на принципот на соодветна и правична застапеност со Уставниот амандман 6 од Уставот на Република Македонија.

Од овие пртичини му предлагам на Собранието да ги усвои предложените дополнувања на Законот за државни службеници. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За збор е јавен г-динот Ѓорѓи Трендафилов.

Повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Да и се заблагодарам на заменик министерот кој, тоа што го имаме на хартија, гласно ни го прочита, само уште требаше да ни каже дека додека ни предлага да ги усвоиме измените да ни предложи да ги избришеме членот 9 и членот 32 од Уставот на Република Македонија.

Членот 9 вели дека граѓаните пред Уставот и законите се еднакви, а во членот 32 пишува дека секому под еднакви услови му е достапно секое работно место.

Што се однесува до вашата намера да ни докажете овде дека сакате да се обидете да направите нешто што е во согласност и во рамките на Уставот на Република Македонија, јас иако не сум правник по професија прво што ми паѓа на памет, затоа што во Уставот во секоја земја се преточени политичките вредности на земјата врз која почива, очекував да се повикате на членот 8 во делот каде се спомнува хуманизмот, социјалната правда и солидарноста. Тогаш ќе ви поверував дека се грижите за правична застапеност на сите граѓани на Република Македонија кои, согласно член 9 се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Јас се сеќавам исто така на едно помпезно излагање пред десетина дена од господинот Костов кој кажа дека Владата не купува - не продава. Од каде сега наеднаш на оваа Влада и текна да вработува кога таа ни купува ни продава. Дали очекувате, според она што гласно го прочитавте овде, прашање е на време кога ќе побарате годините поминати во забавиште од премиерот на Владата на Република Македонија да се признаат дека има докторат од атомска физика на пример.

Во предложените измени спомнувате и ја лоцирате како најодговорна за имплементирање на овие законски измени. Ве молам, вие тврдите дека Владата на Република Македонија и оваа владина коалиција ќе ги почитуваат Уставот и законите во Република Македонија. Не е прашање на должност, на морална обврска на Владата дали ќе ги почитува. Пред се е нејзина обврска да ги почитува, а потоа доаѓа должноста како морален чин и во таквиот начин на функционирање на секоја повеќе или помалку нормална влада која се грижи за благосостојбата на своите граѓани. Инаку, овој ваш предлог без конкурс, без објавување на пропозиции, некакво решавање во од на вработување на припадници на малцинските заедници во Република Македонија само ја открива на многу непријатен начин вистината која ја говориме две години дека оваа Влада апсолутно нема капацитет за елементарно демократско функционирање и унапредување на институциите во Република Македонија и на општеството.

Вие се дрзнувате да испратите предлог кој директно се коси со основните уставни одредби на нашиот устав. Се повикувате заради исполнување на Рамковниот договор во документ кој доаѓа од Владата. Зарем за вас е обврска Рамковниот договор или за вас е обврска Уставот? Колку што знам сето она што вие го зборувате како Рамковен договор е дел од Уставот на Република Македонија преку амандманите. Дури сугерирате ова да биде прифатено од Собранието на Република Македонија, јас навистина незнам што уште нема да се изначудиме како предлози кои ќе дојдат од Владата на господинот Костов која ни купува ни продава. Сега наеднаш ќе вработува. Ниту се кажани пропозиции, ниту се повикувате на темелните вредности врз кои почива Република Македонија, па да се обидете како државни институции и агенции да изготвите специјална програма со јасно набележани критериуми кој може, како може и кога може да биде вработен во одделни подрачја на државната управа и администрација каде има мислење или се стекнува впечаток дека постои принцип на невоедначеност на вработување од граѓаните на малцинските етнички заедници во Република Македонија ниту збор од

тоа. Едноставно Владата со уредба ќе ги решава тие прашања во од. Колку што знам уредби, декрети, одлуки без проверка на Собранието и јавноста, Република Македонија може да прави само во услови на воена состојба.

Како што вие ги повикавте пратениците со она што на глас го читавте овде, верувајте дека ние тоа го прочитавме, немаше потреба да ни читате уште еднаш, исто и јас би ги замолил колегите пратеници да размислат што всушност Република Македонија ќе потврди со овие измени во Законот за државни службеници. Тоа се принципите на еднаквост, тоа се принципите на секој дека е еднаков пред Уставот и законите, тоа се принципите на хуманизмот, социјалната правда и солидарноста? Владата на господинот Костов во своите лаборатории да прави тоа што мисли дека треба да прави, само за да се зачува мирот во една коалиција која очигледно не функционира, ниту има капацитет да работи на унапредување на демократските процеси во земјата, сваќајќи ја демократијата како процес кој никогаш не завршува. Секој можеби ќе каже уште некои причини кои не одат во прилог на овој закон, но да ве потсетам дека Законот за државни службеници кога беше донесен во 2000 година беше поздравен токму од оние кои сега понекогаш овде ни цитираат изјави на претставници на меѓународни организации - пратениците од позицијата. Тогаш не станува збор дека се потребни механизми кои ќе одат на штета на принципот на еднаквост на граѓаните на Република Македонија, туку напротив и во други земји постојат обиди да се вклучат што е можно повеќе припадници на етнички, расни или било какви социјални и во било кој поглед малцински групи во било која земја и во Европската Унија и надвор од Европската унија. Но, јас не се сеќавам или барем не сум слушнал досега дека тоа оди на начин на кој денеска Владата на господинот Костов се обидува да го наметне директно задирајќи во основните слободи и права на луѓето, на човекот и граѓанинот, косејќи се со членот 9, косејќи се со темелните вредности, косејќи се со член 32 каде јасно пишува дека секому подеднакви услови му се гарантира правото на вработување. Вие велите некој со средно образование Владата ќе донесе одлука дека тоа што го поминал на обуката му дава за право да се стекне со статус така како што вие мислите. Вие отварате и директно водите кон поделба на македонските граѓани, веќе не по етничка, незнам по каква се линија, изгледа вие неможете да излезете од старото комунистичко правило 20 од овие, 30 од оние, 15 од оние. Вие сакате се да ви е подредено затоа што само на подредени нешта имате контрола. Вам не ви е грижа за Уставот и за тоа каков впечаток остава земјата пред светот и соседството и сега очекувам уште некој од Владата да излезе

и да ми каже дека уште 25 метри не доближува до НАТО и Европската унија. Кажете ми, два дена ги гледам изјавите од лобистот од САД кој навистина во изминатите години гласно и секаде зборува и во Европа и во САД за проширување на НАТО. Што не му го кажавте ова дека сакаме да направиме некаква рамнотежа со онаа непријатна иницијатива за референдумот на 7 ноември, што не препорачавте да видите искуство од САД како таму се решава, затоа што тие имаат 20-тина етнички, верски, расни и секакви етнички малцинства кои се сепак застапени и во Министерството за одбрана и во војската и на локално ниво и на државно ниво. Тоа се прави вака како што вие предлагате.

За жал, старата идеолошка матрица од која воглавно потекнуваат претставниците и членовите на кабинетот на господинот Костов кој овде 30 минути зборуваше дека тој ни купува ни продава, тој изгледа е научен само да зема, доаѓа уште еднаш до израз со тоа што вие Владата на Република Македонија на Собранието му предлага закон во едни исклучително политички и особено економско-социјални прилики во земјата закон кој уште подлабоко ќе работи на продлабочување на недоразбирањата меѓу граѓаните, напротив ќе поттикнува нови недоразбирања.

Каква ќе биде реакцијата на еден од оние 350.000 невработени, тој ќе се праша што сум јас виновен што сум од погрешна етничка група, од погрешна верска групација или затоа што имам несоодветно училиште, несоодветна школска подготовка.

Ако Владата сепак сака, бидејќи министерот не е присутен на оваа седница, за да се извлечеме од оваа непријатна ситуација Владата да го повлече овој законски проект и ако сака Владата да биде сериозна институција и ако сака Владата и членот 8 и членот 9 и членот 32 и амандманот 6 да ги усогласи, треба на ова прашање и на слични прашања да ги вклучи пред се членовите на Парламентот, а не ова да го прави во своите партиски лабаратории затоа што Собранието ќе го донесе овој закон, а не ДУИ или СДСМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трендафилов.

Господине Макрадули имате реплика.

Повелете три минути.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Веројатно сите закони ни ги носи Собранието, а не ги носат партиите. Мандатот што на последните избори го добило ова парламентарно мнозинство една од кариките од таа поддршка е имплементацијата на Охридскиот договор.

Тоа е еден од различните концепти што ги прави различни и ова парламнтарно мнозинство или СДСМ ако сакате и ВМРО-ДПМНЕ.

Нашата определба за брза и ефикасна имплементација на Рамковниот договор е неколку пати потвредена и јасно изразена во ова Собрание, за жал, алтернативата сеуште не ја видовме.

Една од тие определби на Рамковниот договор или одредби е точката 4 за недискриминација и правична застапеност која е потоа имплементирана преку Амандманот 6 во членот 8 во темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија каде е додадено дека една од темелните вредности се соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа.

Да не ги симплифицираме многу работите, вториот различен концепт што ние го нудиме е дека на проблемите и на ситуациите ги пресретнуваме и сакаме да ги решиме, а не сакаме главата да ја забиеме како ној во земја, па да чекаме нешто друго да се случи односно да дојдеме во позиција да бидеме позиција, па тогаш да се обидеме да ги решиме работите.

Не, ние сакаме сите проблеми да ги решиме во овие година ипол, тоа се обидуваме и да го направиме. Тоа е едната работа.

Второ, апсолутно е дискриминаторски или да останам на тој збор кога се кажува дека сите невработени припаѓаат на еден народ, напротив, во сите тие невработени се наоѓаат и македонци и припадници на сите етнички заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија затоа да не играме со судбината на тие луѓе, бидејќи сите делат една судбина и сите треба во Собранието да работиме, да изнајдеме решение за клучниот проблем во Република Македонија - невработеноста.

Уште едно да напоменам дека станува збор за вработени во овој закон кои веќе поминале еден филтер и кои веќе се јавиле на јавен оглас каде сигурно поголем број на вработени се одбрале 600, па потоа тие влегуваат во вработување во државните институции.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов, имате една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Пак со квотите господине Макрадули. На пример јас не спомнав за невработените од какво потекло се, навистина на памет ми падна што со оние стечајни работници, незнам дали се крстат во Исус или клекнуваат пред Мухамед, но имаат некаде меѓу 47 и 53 години и не можат да одат ниту напред, а не можат да се вратат ниту назад. Јас тие луѓе ги имав во предвид, една структура која македонската транзиција, транзицијата на оние 300 експерти и на првите министри во Владата на Црвенковски ја направија во Република Македонија.

Што се однесува до вашата победа на парламентарните избори 2002 година, сепак таа не ви дава право да правите тоа што вам ќе ви текне. Значи има ограничување.

Едно од ограничувањата ги спомнав, тоа се три.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Рустеми, имате три минути реплика.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Благодарам господине претседател,

Господине Ѓорѓи Трендафилов вистина е дека овој закон излегува од Охридскиот договор и партијата на ВМРО е потписник на тој договор, вие сте свесни дека договорот треба да се имплементира.

Исто така, вие се повикавте на Уставот дека Рамковниот договор е вклучен во Уставот и овој закон произлегува од амандманот 6 за правична и соодветна застапеност. Вие се повикавте на два члена од Уставот во кој се повикувате дека сите граѓани треба да бидат рамноправни во однос на вработувањето. Вистина е дека во Уставот се нагласува, но во Уставот е нагласено уште порано пред Охридскиот договор доколку се почитуваше на овој начин, овој дел на Уставот или оваа одредба од Уставот, тогаш сигурно немаше да донесеме таков закон, бидејќи сите граѓани ќе бидеа правично застапени во сите државни институции.

Исто така, спомнавте како изгледа нашава држава пред меѓународниците кога говориме за првичната и соодветна застапеност. Токму сите меѓународници, иако бараат имплементирање на Охридскиот договор, доколку ние сакаме да се интегрираме во НАТО и во Европската унија.

Исто така, токму овој курс кој го следат администраторите е финансиран од еден меѓународен субјект, Агенцијата за европска реконструкција и обнова. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Трендафилов, една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи, ние лингвистички зборуваме на различни јазици, но и во поглед на нашата политичка филозофија ние зборуваме на различни јазици. Е, неможете никако да сватите дека инсистирањето на првичната застапеност, на начин како што Владата го предлага ги продлабочува проблемите меѓу граѓаните во Република Македонија. За да бидам појасен и сугерирам на Владата уште еднаш да го повлече ова и следниот пат да се појави пред Собранието со потактичен предлог и од политичка гледна точка и од законска и од морална гледна точка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓа Биковска, имате реплика три минути.

НАТАША БИКОВСКА:

Благодарам претседателе.

Во насока на поддршка на Уставот и законите на Република Македонија, бидејќи господинот Трендафилов, ни ги прочита членот 9 и само два става од членот 12 на Уставот на Република Македонија, дозволете да го прочитам амандманот 6, врз кој почива Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државни службеници.

Соодветна и правична застапеност на граѓаните  кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа. Понатаму, ќе дозволите иако верувам дека на господинот Трендафилов нема многу да му се допадне. Да го прочитам четвртиот принцип, еден од основните принципи на Рамковниот договор.

Уставот перманентно да ги исполнува потребите на сите граѓани во согласност со највисоките меѓународни стандарди. И сега, би ја продолжила мојата реплика со една моја лична констатација, дека во основа на дискусијата на целокупната дискусија на господинот Трендафилов, лежи еден тежок синдром на политичар оптеретен со тешки предрасуди. А, предрасудите се најтешки и

најсуштествени бариери за едно правилно расудување и едно интер културијално комуницирање. Затоа, ќе заклучам дека тешко на онаа држава која што има политичари оптеретени со предрасуди, а имаат обврска да ги исправат туѓите заблуди во оваа држава.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Трендафилов, имате една минута контра реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Претпоставувам дека почитуваната колешка направи лапсус во нејзината реплика. Ова што го слушнав јас со моето скромно познавање, мислам дека претставуваше психолошки автопортрет за неа самата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, ќе станеме психолози.

Господине Мавровски, барате збор?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г. претседателе.

Почитувани колеги, веќе влеговме во некоја дискусија, почнавме и со навреди, незнам зошто, но мислам дека и на комисиската расправа и членовите на позицијата и членовите на опозицијата имаа многу забелешки на овој Предлог закон што дојде од Владата. И тоа не само денеска, се случува неколку мсеци наназад, ако не и цела година, госпоѓата заменик министер на Владата ни кажа дека овој закон е донесен во 2000 година и тогаш беше прогласен за едн од најдобрите и нај реформски закони кои ги донела Република Македонија.

Понатаму, се она што се случува деновиве, кажуваме дека треба да се исполнат некои обврски од Охридскиот рамковен договор, но ова е толку многу вулгаризирано што едноставно исамите македонци од албанско етничко потекло се носат во една нерамноправна положба, затоа што не станува збор дали овие 400 иљади невработени се македонци, или се од останатите заедници во Република Македонија, туку станува збор за носење во една ситуација на сите овие луѓе, во нерамноправна положба. Затоа тие 600 луѓе, што кажавте, што се одбрани на оглас,

незнам колку луѓе биле пријавени, мислам над 2000 и нешто. Но сигурно дека нивниот број на невработени е многу поголем од ова што ќе успеете на ваков начин да предложите и да го решите. Мислам дека на ваков начин не би можело да се вработуваат во државна администрација, без објавување на јавен оглас и без да го полагаат испитот, утврден со член 12 од Законот за државни службеници, припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија. Тоа од причини што ваквиот начин на вработување не е во согласност со уставното начело дека секому подеднакви услови му е достапно секое работно место. Вие се обидувате да не убедите дека тоа не е така, но со овој предложен начин, предвиден за дополнување на Законот за државни службеници се губи граѓанскиот концепт на државата односно се кршат индивидуалните права на етничките заедници. Предложените решенија не се во согласност со одредбите на Уставот на Република Македонија, што се однесуваат на вработувањето.

Ако членот 9 и членот 32 некому не му одговара, мислам дека исто го читаме Уставот на Република Македонија и тоа е против уставно и за самите членови на заедниците, овие 600, понатаму можеби ќе одберете 1000 други луѓе кои на ваков начин, до колку го положат, или ги поминат овие тестови или обуки дека тие ќе бидат оние што безразлика, било каде во државната администрација, ќе се вработат.

Се поставува едно отворено прашање, дали со ваквиот начин на вработување, помалите етнички заедници ќе бидат соодветно и правично застапени во државната администрација.

Јас сега би ја прашал госпоѓата заменик минситер, дали оние кои ќе ја поминат оваа обука се најправите, најспособните, во однос на оние што работат, илина оние штоне работат и што нема да бидат можеби никогаш дел од оние кои ќе ја поминат оваа обука и да може да се надеваат дека ќе бидат вработени во делови од државната администрација за што и самиот премиер се искажа, што и како може државата Република Македонија да направи за нив.

Не толку одамна, пред два три месеци имавме тука еден закон кој беше предложен од министерот за одбрана и истиот беше повлечен, каде што токму се прави ова, се прави некој механички збир и се бројат проценти. Се бројат проценти на луе кој треба да задоволат некои критериуми и да работат на одредени места во државната админситрација. Господа, во светот, некоја од колешките од позицијата кажа дека на овој начин се задоволуваат најголемите меѓународни стандарди. Во било која држава во ЕУ или во светот, да станете државен службеник треба да

поминете илјадници тестови и проверки, за да можете да бидете дел од таа државна администрација. Значи не само она што ќе го знаете и ќе го положите на тестови туку и многу други критериуми кои овде едноставно нигде со ништо не се спомнуваат. Останува етничкиот критериум врз кој ќе треба овие господа да бидат вработени во државната админситрација. Секој ден само слушаме дека во некоја болница, во некое претпријатие и незнам каде, цело време стои оној дамаклов меч за тие 4% од државната админситрација кои треба да бидат прогласени за технолошки вишок, или да бидат избркани од работа, од нив сигурно повеќе од 90% македонци и на нивно место треба да се вработат македонци со албанско етничко потекло. Тоа се случува секој ден. Значи добиваме информации дека се вработуваат луѓе што едноставно не ги задоволуваат ни оние места што ги пополнуваат со соодветно образование, но го имаат, тоа што вие го барате, етничкиот критериум и тој треба да биде вработен. Сега, ако е тоа начинот во Република Македонија да ги задоволи сите граѓански критериум, да стигнеме во ЕУ и да бидеме, што рече г. Трендафилов 25 метри, или незнам пред 34 врата пред ЕУ, мислам дека тоа не е начинот и самите, господо, треба да бидеме свесни дека треба да најдеме прави луѓе на прави места затоа што многу брзо, тоа што сега го правиме, ќе ни се чука нас од главата, затоа што вие како Влада сега и останатите влади после вас ќе имаат големи проблеми. Ако во моментот треба да се вработат, незнам во која институција, стручњаци, со 25,17%, а такви нема ни 8%, ние што ќе направиме? Ќе ги вработиме и по сила на се ќе треба да стигнеме до тој процент. Па во моментот ги нема. Дали треба да ги увеземе, а ги увезуваме веќе, доаѓаат и од Приштина, доаѓаат и од Тирана. Што со овие луѓе што се тука, што утре со луѓето што ќе завршат на Вандер Штуловиот универзитет, еве третиот универзитет во Република Македонија. Што ќе правиме со нив, каде тие ќе се вработат? Нели тогаш ќе стане 33%, па 40% и тоа е начинот како во Република Македонија некој ќе се вработува и како некој ќе заминува од државата. Ако е тоа она што е предвидено, тогаш кажете многу поедноставно. Да не говориме тука дека се е механика и се се проценти. Тука се брои само во бројки, нема луѓе. Јас разбирам, на одредени места можеби тој број треба да биде и 40% каде што господата имаат луѓе, имаат кадри и може да работат. Не е тоа проблем. Проблем е кога сакате од нешто што гонемаме да направиме да има. Слушам тука дека едноставно тоа е да се пресретне проблемот, се бараат решенија и сите проблеми да бидат решени предвреме. Па незнам јас кој проблем го пресретнавте. Во моментов има 400 илјади невработени, 30% пад на

индустриско производство, најмали странски дирекни инвестиции во државата каде што нашите соседи имаат веќе по 2 милијарди долари. Што направивме ние, што пресретнавме од сето тоа? Кажувавте вработување, меѓу 150 и 200 илјади луѓе ќе вработите во овие 4 години, па испадна вие да ги избркате. Ќе вработувавте по еден од фамилија, по еден избркавте. Дали сега со тоа што македонците ќе ја напуштаат работата и на нивните работни места ќе влегува некој друг, посебно македонците од албанско етничко потекло, со тоа го пресретнувате проблемот и понатаму нема да имаме никаков проблем. Значи тука е вашиот проблем, а и проблемот воопшто за државата. За меѓународни стандарди воопштоне станува збор. Ни една држава во светот, кажав и Минисатерството за одбрана, на таков начин ако мисли да создава армија, со бројки овој бил 2,4%, оној 3,5%, други 8,4%, ни една држава во светот така не функционира, ако има таква кажете. Добро е тоа што го бараме, ама неколку пати се случувало кога човек ги бара правата, треба и да ги исполнува и обврските, да биде лојален кон оваа држава и така треба да функционира цела држава. Не може, ако ние овој начин што го бараме за вработување кога ќе дојдеме во ситуација некој да ги избегнува обврските, тогаш тој процент  наместо 25% е 80%. И тогаш имаме проблем проблем во проблемот, сакаме, добро кажа некој, како Нојот да ја скриеме главата во песок, но так ане решаваме ништо. Господа треба многу добро да се размисли, периодот на имплементација на сето тоа да си дојде многу реално. Ова веќе е нешто што се интервенира дирекно во државата, дирекно во државните институции, кажувате дека апсолутно немате друг модус за да се направи сето ова. Но, што ќе постигнеме  после тоа. Еве самите бараме прашалник на кој ќе треба да се одговара. Дали ќе ги бараме господата од Хрватска, од Бугарија, од Романија и незнам од каде, да ни помагаат тука за пополнување на прашалникот, или да не знаеме кој за што работи затоа штонекој е дојден од соседните држави или покраини. Тука е проблемот. Се работи за државата, за лојалноста и за она што треба ние да го направиме тука. Затоа мислам најдобро е Владата овој закон да го повлече, да се подискутира, затоа што и останатите заедници што се помалку во Република Македонија, нивните граѓани, едноставно да не можат да си ги остварат своите права. Ако за вас тие 600, 500 или 5000 луѓе што ќе треба да ги вработите се тие што некој ќе ви достави список и тоа партиски список на вработување и ќе го имаме најголемиот проблем што многу скоро ќе се види во самото работење на државните институции.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Мавровски.

Господине Макрадули реплика имате?

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете имате три минути реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Прво ме радува што г. Мавровски го призна конечно Тетовскито универзитет и се загрижи за студентите што ќе дипломираат на Тетовскиот универзитет и тоа е доста позитивно. Очигледно дека со аргументите сме успеале конечно да го убедиме во тоа.

Една од многуте концепти што ги прави различни СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ е во одговорноста. За таа одговорност зборував неколку пати во ова Собрание, и кога сме во позиција и кога сме во опозиција. Трагично е, кога луѓето што се во опозиција немаат доверба ниту во државните институции ниту во себе ниту во сопствениот народ. Затоа е лошо и во претставувањето во Европа, ако сакате, како што рече г. Трендафилов, кока ние одредена заедница јаословуваме “господата”, или кога ќе кажеме дека сами сме го барале прашалникот, а тука се натпреварувавме кој побрзо ќе аплицира или која ќе биде таа партија што прва ќе го иницира пополнувањето на прашалникот. Одговорноста и за прашалникот како и за многу други работи во државата, не е само на опозицијата. Додека опозицијата не го свати тоа, ќе си остане долги години опозиција.

Уште еднаш да повторам. Ниту овој закон, измените на овој закон се однесуваат само на албанците, со што се дискредитираат другите заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија, ниту се врши вработување сонекоја уредба, на непознати лица. Не, се врши вработување на лица кои на јавен конкурс конкурирале, биле многу повеќе од 600, со одредена селекција се одбрани 600 од кои сите не се албанци и сега откако ја завршиле обуката, тогаш се спремни да влезат во државната администрација на многу поефикасен и побрз начин за да го имплементираат амандманот 6 од Охридскиот рамковен договор, што сме го потпиШале и ние како СДСМ и вие како ВМРО-ДПМНЕ и за кој, сите, кога се наоѓаме пред меѓународниот фактор, сакаме да кажеме дека го почитуваем, а кога сакаме да бидеме популисти овде во Собранието, тогаш ја менуваме реториката. Затоа

одговорноста и на позицијата и на опозицијата е иста. Затоа граѓените ценат кој како се однесува и кога е позиција и кога е опозиција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г. Мавровски имате една минута реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Прво Тетовскито универзитет никој не го призна затоа што сеуше не знаете колку студенти студирале и колклу завршиле. Уште дипломите не ви се поделени и уште не знаете колку факултети ќе има оваа година Тетовскито универзитет.

Второ за одговорноста. Кажувате за нас доверба, кај народот. Јас мислам дека народот треба да ј аима довербата во вас, не обратно. Вие кажавте дека народот ќе ја земе власта, но вие ја зедовте власта во името на народот, а довербата кај народот ја гледате и самите, колква е кон вас. Тоа е многу јасно.

Вработување на јавен конкурс.

Господинне Макрадули, сега се вработуваат луѓе, прво без јавен конкурс, а каде што има јавен конкурс, единствениот услов да бидете макеоднец од албанско етничко потекло и тоа е начинот на кој што вие ќе се вработите. Ако тоа за вас е ова што го предлагате како закон за државни службеници, тоа како одговорни луѓе ќе треба да му го кажете на македонскиот народ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Адеми имате три минути реплика.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам г. претседателе,

Сакам да реплицирам речиси на целата содржина на говорот на г. Мавровски.

Вие г. констатирате дека овој закон предложен од страна на Владата е во спротивност со Уставот и го спомнувате само членот 9 и членот 32. Мислам дека вие Уставот го читате на селективен начин, или воопшто не го читате. Доколку го читате Уставот треба да го прочитате добро и тоа од почетокот, почнувајки од преамбулата, до крај и да го прочитате и амандманот 6 врз кој се заснова токму овој закон, за правично и соодветно застапување.

Сега се поставува прашање зошто во основните начела на Охридскиот договор е инкорпорирано токму правичното и соодветното застапување. Тоа е направено, констатирајки дека застапвуањето на етничките заедници во Република Македонија не било на соодветен начин во сите институции и довербата, кон тие

институции, токму на заедниците, била многу мала, бидјеки не биле соодветно застапени.

Понатаму, говорите за пропустот, всушност за отпуштањето на макеоднците од работа и вработување на албанците, на нивно место. Мислам дека имате многу погрешен пристап и би сакал да ве демантирам. На крајот на краиштата албанците нема како да бидат отпуштени од работа, бидјеки воопшто не се ни вработени во тие институции.

На крајот го спомнавте прашалникот што треба да го добиеме на 1 октомври. Сигурно првите прашања ќе бидат околу имплементирањето на Охридскито договор. Потоа основниот придонес во пополнувањето на овој прашалник ќе го дадат припадниците на етничките заедници во Република Македонија. Тоа го кажувам, имајки го во вид искуството на Словенија каде претставниците на заедниците го имале основниот придонес, пополнувајки го прашалникот, за тоа колку се тие задоволни со правата и слободите на човекот. На крајот на краиштата г. Мавровски овие начела, значи правичната и соодветната застапеност се вградени во Охридскиот договор и вие сте потписник, како партија на тој Договор и денес е доцна да се каете зошто сте го ставиле вашиот потпис на Договорот. Ќе биде добро уште еднаш јавно да кажете дали го подржувате или не го подржувате Охридскиот договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г. Мавровски имате една минута реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Прво, колку што знам вие не се искажавте сеуште и не сте потписници на Охридскиот рамковен договор на кој цело време се повикувате.

Второ, како го читате Уставот? Го читате така како што вас ви одговара. Ако мене ме окривувате за селективност, не знам вие како го читате Уставот. Ако овие членови се од некој друг Устав, тогаш би се согласил со вас. Овие членови се имплементирани во тој ист Устав на Република Македонија. Колку вие го почитувавте Уставот на Република Македонија, знаат добро граѓаните на Република Македонија и вие самите.

Кажувате дека отпуштањето на макеоднци било нормално затоа што немало вработено албанци.  Ако тоа за вас, јас немам апсолутно ниШто против макеоднците

од албанско етничко потекло да се вработуваат, но не за сметка на тоа македонците да бидат исфралани од работа.

Кажувате за имплементирање на Охридскиот договор, ја спомнувате Словенија. Ако најдете еден ваков член во нивниот Устав...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г. Рафис Алити имате три минути реплика.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам г. претседателе,

Не е првпат колегата или пратеникот, г. Мавровски да провоцира. Многу е јасно дека провоцира и има свои цели, зошто ги прави овие провокации. Свесен сум дека ова нема да биде последна провокација.

Тој спомнува македонци со етничко албанско потекло и т.н. додека Уставот многу јасно и децидно го дефинира тоа дека потеклото на албанците се знае од каде е. Така што добро е г. Мавровски да го прочита потеклото на албанците и да не измислува поими што реално ги има измислено тој, или пратениците кои биле претходно, пред него.

Но за овие работи треба да се отворат други расправи. Денеска имаме закони и помалку зборуваме во однос на овој закон. Вие господине Мавровски говорите за албанците наводно дека доаѓаат од Тирана и од Приштина, што е чиста измама што ја правите во однос на вашето гласачко тело. Тие се албанци родени во Република Македонија, кои живееле овде, но некои од нив биле на привремена работа во Тирана или Приштина. Некои од овие лица можеби се врабитиле овде во Македонија и тука нема ништо лошо господине Мавровски.

Во однос на конкурсот, не се нагласува дека ќе се примат само албанци, туку на тој конкурс се примени и лицата кои поднеле барање припадници на други етнички заедници. Се разбира дека мнозинството од нив кои се примени - тоа не го кријам - се од албанската заедница бидејќи е обврска што произлегува од Охридскиот рамковен договор, таа неправда направена во однос на албанците да се подобри и корегира.

Интересно е господине Мавровски што вие, но и вашиот коалициски партнер, говорите и сугерирате законот да се повлече поради разни причини. Се гледа дека сте ги координирале работите значи и вие и тие да излезете против овој закон.

Господине Мавровски, на крајот, доколку барате лојалност од албанците, вашиот претседател на новата партија доколку го прифаќате за претседател, рече дека ДПА била лојална во однос на ВМРО, додека доколку барате лојалност од албанците да бидат лојални во однос на тебе, тие нема да бидат лојални во однос на вас.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете, господине Мавровски, имате една минута контра реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добро, јас го сваќам господинот пратеник. Тој не кажа ништо за законот, апсолутно ништо не демантира дека има македонци од албанско етничко потекло на привремена работа во Приштина и во Тирана. И тоа го прифаќам и нема ништо лошо. Но јас многу жалам што многу македонци на привремена работа повеќе од 300, 400 луѓе останаа по 30 години и уште се водат на привремена работа во некоја од земјите на Европската унија, во Австралија, Америка и за нив апсолутно тука не разговараме и она што беше нивно право како Парламент успеавме да им го одземеме. Затоа господине Алити ако јас барам нешто лојалност, барам лојалност кон државата Република Македонија која што вие не ја покажавте, за разлика од вас јас ја покажувам. А сите оние чесни, поштени луѓе кои што живеат во оваа држава и кои што сакаат да живеат тука, мислам дека мора да бидат лојални.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Острени, имате три минути реплика.

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Благодарам господине претседател.

Сакав да направам една забелешка до господинот Мавровски, во прв ред за тоа што го зема правото како едно лице да го вреднува и да го оценува квалитетот на еден голем број на луѓе, нешто што не е во ред и што не е оправдано затоа што инаку ќе се постави прашање за квалитетот на тој што вреднува и оценува, кога рече дека квалитетот на кадрите е слаб и не знам што уште.

Второ, направи една констатација, рече: нема држава во светот која што работи како нас, што го решава ова прашање вака како нас. И јас би му рекол и ние

не сакавме вака да го решиме, меѓутоа, ќе му дадам до знаење дека до потпишувањето на Охридскиот договор во Парламентот имало 7,29% вработено албанци, а во Владата ниту еден, во администрацијата 5,58%, во администрацијата за заеднички и општи работи 2,48%, во Владата немало, во Министерстото за одбрана 2,34%, Министерството за внатрешни работи 1,8%, во Министерството за правда 9,64%, во Министерството за надворешни работи 7,74%, додека во Министерството за финансии 4,91%, во Министерството за економија 5,75%, во Министерството за земјоделство 3,2% иако албанците се земјоделци во ова време, во Министерството за здравство 4,5%, во Министерството за образование и наука 1,87%, во Министерството за труд и социјална политика 5,79%, во Министерството за локална самоуправа е добро 3,48%, треба малку да го намалиме, во Министерството за култура 2,81%, во Министерството за транспорт 5,32%, во Министерството за екологија 2,43%. Доколку не ја наследевме оваа ситуација сигурно овој Парламент немаше вака да разговара за овој закон. Меѓутоа, јас мислам подлабоко, немаше ни да дојде до Охридскиот договор затоа што немаше да има потреба.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г. Мавровски, една минута контра реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

До Охридскиот договор дојдовме благодарејќи на вас и вашето почитување на уставниот поредок и правата на она што вие го кажавте дека ви се загрозени правата, најдовте начин, го склучивме Охридскиот договор.

Што се однесува за квалитетот на кадрите, јас ќе морам да ви кажам она што јас го знам. Јас зборувам во глобала и вие како ќе оценувате тоа е ваше. Но ако некаде се бара медицинска сестра да се прима човек кој што има текстилен смер, мислам дека не е во ред. Ако се бара професор кој што треба да ги учи децата да се прима човек со вишо образование кој 25 години работи во стопанството исто нема да се сложам. И, уште такви илјадници примери, тогаш господа кажавме, тука расправавме долго време и вие самите не знаевте колку студенти се запишани, колку студенти завршиле и колку ќе побараат дипломи и од кои универзитети и од кои факултети. Е, сега доаѓа времето да видиме кој каде завршил и кој каде ќе се вработи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Претежно пратениците од парламентарното мнозинство, имам впечаток дека тие во голема мера разбираат во која насока беше моето излагање и претпоставувам дека во голема мера и се согласуваат со тоа што го зборував. Единствена одбрана е да се повикуваат ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов, немојте да реплицирате, туку се јавивте за збор по законот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

По законот зборувам господине Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, вие се враќате да реплицирате.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Вие не реагиравте.

Верувам дека се согласни со голем дел од забелешките кои ги кажав, а кои се однесуваат пред се на одредбите на Уставот на Република Македонија.

Сакам тука да истакнам дека јас бев против измените во Законот за локални избори, каде со квоти станувашe збор за предлагачот на советничките листи како државата мисли дека треба да си го направи редоследот на неговите кандидати. Бев против тоа и сеуште сум против таквото решение. Допирна точка има и во ова законско решение кое доаѓа од Владата, затоа што некој ќе рече индиректно, некој ќе рече директно Владата на Република Македонија преку своите државни институции тврди дека во Република Македонија има инфериорни интелектуални луѓе, без оглед дали припаѓаат на мнозинството или на малцинството. Далеку поконзервативни земји од Република Македонија, со оглед на динамиката на меѓународните односи биле порано или подоцна, за тоа сум свесен, принудени да сторат нешто во поглед на граѓанските права и слободи, односно во поглед на привлекување категорија од сопствените граѓани кои дотогаш биле маргинализирани од учество во јавната администрација, без оглед дали тоа било на полова, верска, расна или етничка основа и повеќето земји низ тој процес поминале долгорочно. Значи не го направиле тоа едноставно со декрет. Тоа беше и мојата

сугестија кон Владата на Република Македонија, да не се обидува тоа да го прави во земјава со декрет, затоа што декретот и ефектите од него однапред ќе бидт осудени на неуспех. Тука не станува збор, што би рекол господинот Макрадули дали СДСМ има одговорност како позиција, а ВМРО има одговорност како опозиција. Туак станува збор дека ние сите овде, сите 120 луѓе имаме одговорност како членови на Македонскиот парламент да се грижиме за почитување на Уставот и законите и со тие закони да се обидуваме да го унапредуваме животот и благосостојбата на сопствените граѓани.

Тврдам дека квотите не се решение, дека ние ќе бидеме подемократска држава и дека ова законско решение ќе не доближи не знам до која меѓународна организација уште повеќе, затоа што ние се доближуваме упорно, полека, ама сепак сме упорни.

Намерата ми беше со препораката до предлагачот да го повлече овој закон да не се пристапи кон решавање на овој проблем на брзоплет начин. Значи од намерата Владата со своја уредба со некакви имагинарни критериуми кои денес не се ни предмет на расправа, единствено знаеме дека некои граѓани на Република Македонија, поради тоа што имаат поинаква нациоанална припадност од македонците по род, ќе бидат привилегирани во случај како што ќе предлага Владата во иднина. Ние не зборуваме за критериумите, не ги земаме предвид искуствата од земјите за кои зборував дека во рамките на сопствениот индивидуален, културен, политички, историски, економски и секаков развој сватиле дека со обидите да држат одредена категорија луѓе надвор од она што се нарекува носители на јавни функции, службеници, Владата ни дава некој предлго кој мене ме потсетува на обратно пропорционален, значи чекор наназад и практично вие, а не јас или припадниците на ВМРО тврдиме дека е прашање на време кога вие ќе ни предложите од слични причини и јавен превоз во македонските граѓани ќе седат во автобусот согласно нивната верска, национална, политичка или не знам каква припадност. Вие не разбирате дека инсистирањето на колективните разлики секогаш оди на штета, значи ги уназадува индивидуалните разлики. Секој човек, и во тоа верувам, без оглед каде е роден и за кого гласа, во кого верува, каква боја на очите има, што е по потекло, инсистира и затоа има секој од нас име и презиме, инсистира на индивидуалноста, дека без оглед колку и да се хомогени тие групации по било кој основ, во рамките на тие групи секој човек инсистира на својата индивидуалност како човечко суштество. Вие ги заобиколувате сите тие разлики непочитувајќи ги

искуствата и од земјите членки на Европската унија и од земјите кои станаа со последниот круг проширување членки во Европската унија, не внимавате со овој нетактички предлог да се воспостави рамнотежа меѓу почитувањето на индивидуалните разлики и почитувањето на колективните разлики. Тоа не е едноставно прашања за да излезе министерот за правда со предлог, а тој е министер во повеќе влади, во повеќе системи, во повеќе државни уредувања носител на некакви функции, поради што? Поради тоа што е толку голем стручњак? Па го селевме овде, за срам пред македонската јавност, од Врховен суд па во Влада, па пак назад, како да нема други во земјава.

Значи свесен сум дека прашањето е комплексно, но затоа државата треба да покаже капацитет дека умее, она што би рекол господинот Макрадули, да предвидува. Не само да предвидува, не треба да се занимава со гатање, туку треба реално да пристапи кон проблемот. Не може да се очекува дека нешто за што се потребни 100 работни часа Владата на господинот Костов ќе донесе уредба и тоа ќе биде направено за 7 часа или за 30 часа. Уредбите не го регулираат животот на граѓаните. На овој начин се создава лош впечаток во јавноста.

Значи мојата основна намера е уште еднаш предлагачот кој е отсутен, воглавно е отсутен, верувам дека не сака да биде присутен, можеби најверојатно и тој самиот е свесен дека ова што го предлага тој е навистина глупост. Значи прашањето е сериозно и затоа Владата треба да обрне внимание, треба да биде свесна и треба да биде отворена дека ова е прашање кое не може да се реши преку ноќ, дека нејзината основна намера ќе биде предлогот, односно инструментот со кој ќе бидат анимирани во јавната администрација македонските граѓани од немакедонско потекло, значи тие ќе бидат ангажирани во јавната администрација, во државните институции, Владата ќе води сметка сето тоа да биде пред се согласно Уставот на Република Македонија, со сите почитувања на индивидуалните права, но - за жал, постои тоа но - тоа е работа на Владата и почитувањето на колективните права. Владата во овој случај тоа не го прави. Таа грубо покажува дека со некаква уредба една група граѓани ќе можат со некакви, сега за сега, имагинарни критериуми, да бидат носители односно да бидат вработени во државната администрација. Значи, Владата уште еднаш за кратко време покажува нетактичност, неумеење да се справиме со проблемите, нерешителност и, што е уште најлошо, Владата и членовите на Кабинетот на господинот Костов, кој не купува и не продава, не бараат помош. Значи, Владата себе си се смета дека е

семоќна, така пишува и во една одредба, симплицира дека Владата е најодговорна за имплементирање на овие работи кои се предмет на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за државни службеници. Владата јавно по кој знае кој пат ни кажува дека таа ќе го почитува Уставот и законот, како да не подразбираме дека тоа е обврска, тоа не е должност, тоа не е морална категорија, тоа не е право прашање на избор. Тоа е обврска, првенствено е обврска, а после следуваат сите други работи. Значи тоа е обврска, не зависи од личната волја и политичката клима во Кабинетот.

Затоа, по трет пат ќе сугерирам пред се на пратениците, затоа што не очекувам дека претставниците на Владата имаат било каква можност да размислуваат во насока на повлекување на точката од дневен ред, на нивниот предлог, да размислат највнимателно во која насока ќе се развива понатаму Република Македонија, ако воопшто можеме да зборуваме дека таа ќе се развива во некаква позитивна насока, кога ние на Владата како Собрание ќе и дадеме моќ таа по свое наоѓање преку уредби да регулира прашања кои се во спротивност пред се со Уставот на Република Македонија. Но тврдењето дека е тешко, дека е обврска не ја амнестира Владата, ако и е тешко нека си даде оставка и нека си оди. Но кога таа не си дава оставка, тврди дека и понатаму ќе работи, тогаш нека работи. Нека работи почитувајќи ги тие три принципи: да остане во рамките на Уставот, да ги почитува индивидуалните права на граѓаните на Република Македонија и да ги почитува колективните права на граѓаните на Република Македонија. Напати некому изгледаат нелогично, но многу земји го поминале тој процес. Нема потреба премногу време да губиме, но доволно е внимателно да ги одбереме најдобрите искуства кои постојат. Тогаш ќе оставиме впечаток дека ние навистина имаме намера и да останеме во рамките на членот 9 и да останеме во рамките на членот 8, и да останеме во рамките на амандманот за правична застапеност и да останеме во рамките на членот 32.

И ако ова не е доволно комплицирано и Владата на г-динот Костов тврди дека со два члена и со една уредба ќе реши ваков проблем, тогаш мене не ми е чудно зошто г-динот Костов не сфаќа дека тој е човек кој во овој момент е на погрешно место.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Макрадули, три минути реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Благодарам.

Очекувам, претседателе на Собрание, кога надвор од некое нормално, реплика ќе се зборува за премиерот, да реагирате, мислам дека не е тука да се брани, но мислам дека излегуваме надвор од некое пристојно однесување за кој што побаравме некој друг тоа да го прави.

Причините за донесување на овој закон како што кажува г-динот Трендафилов, не треба да ги замислуваме или да ги гатаме, туку тоа е нашата реалност. И што побрзо ја сватиме ние таа реалност, толку поблиску ќе бидеме до она што вие го иронизирате, порта, врата, 34-та до Европската Унија. Што побрзо и опозицијата се однесува одговорно ќе бидеме поблиску до Европа. А зошто не се однесувате одговорно, ќе ви кажам. Затоа што поминавме ние денеска други закони, но вие бевте надвор, или во Клубот на пратеници, или во ресторан и не најдовте за сходно за ниеден друг закон да дискутирате, туку сега дојдовте кога најдовте една опиплива тема каде што можете со популистички настапи пак да ја враќате старата реторика, пак да оставате и да фрлате сенка врз Охридскиот рамковен договор и пак да се обидете да собирате поени во докажувањето кој е псеудо, а кој е не псеудо ВМРО ДПМНЕ. Затоа реков и апелирам на одговорноста и како опозиција кога сакате да работите во интерес на граѓаните, ќе работите по однос на сите точки, ќе бидете присутни тука, ќе дискутирате и по другите закони, а не да чекате цело време во прајм тајм точката која што за жал се обидува да стави сол врз некои рани овде на граѓаните на Република Македонија. И уставно работи Владата и според законите. И амандманот 6 од измените во Уставот се однесува на правичната застапеност и согласно анексот Ц) од Охридскиот рамкмовен договор е имплементацијата и мерки за градење на доверба, не дискриминацијата и правичната застапеност е одговорност на Владата, а вие вашата Влада формира тогаш владина комисија која доби одговорност во точката 5.1., да преземе конкретни активности за зголемување на застапеноста на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Ве молам, користете го уставниот термин доколку сакате граѓаните да имаат доверба во вас, дека вие се грижите за уставот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контрареплика и на г-динот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Г-дине Макрадули, кворумот овде е ваша обврска, не е моја, и не постои ограничување пратеникот, ако на дневен ред има 29 точки, да зборува за една, или за ниедна. Впрочем затоа има луѓе кои најверојатно досега не зборувале за законски проект, туку обично реплицираат.

Што се однесува до забелешката за конкретната точка на дневен ред, јас се обидов да бидам максимално позитивен, да ве поттикнам на размислување, но со самото тоа што вие по втор пат реплицирате, тврдите дека вие навистина не ја сфаќате сериозноста и комплексноста на ова прашање. И само децата мислат дека тоа што го сонуваат се случува и следното утро. Незнам што да ви кажам друго.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави Хусеинџевад Хусеини.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИНИ:

Господине Трендафилов, мислам дека треба да бидете малку подирекни и да кажете дека сеуште сте за едни односи и за едно време кое е надминато и убаво е многу сликовито прикажан како наслов на еден роман “однесено со виорот”. Вие треба да знаете дека и како вистина да ја прифаќате, дека во оваа држава имаше надредени и подредени по етничка основа. Таа неправда сега треба да се исправи и императив на времето е да се исправи за доброто на сите граѓани и за доброто на сите граѓани било етнички по род македонци, или се друго. Значи, немојте да алармирате за едно неповратно време. Храброст е да се прифати вистината. Не е храброст да се биде чувар на соништата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За контрареплика се јави г-динот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Своевремено Њујоршката полиција свати дека претежно во црнечките квартови на Њујорк полицајците од Ирско потекло имаат многу помалку ефект при извршување на нивните секојдневни обврски, отколку ако Њујоршката полиција почне да ангажира полицајци кои се етнички блиски, или потекнуваат од заедниците кои живеат во тие претежно малцински квартови. Имаше малку недоразбирање, се вознемирија потомците на ирските доселеници кои до тогаш дефакто имаа монопол на Њујоршката полиција. Значи, јас ви зборувам за ова, дека одреден проблем е сватен од неговите практични аспекти, од неговите реални аспекти и со реално

трезвено разгледување на проблемот е најдено најоптималното решение за да се извршуваат функциите на институциите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

10-те минути почнуваат да течат за кворумот.

Почитувани пратеници, бидејќи не може да се обезбеди кворум, така сум известен од координаторите, поради зафатеност на некои пратеници кои што заминале, ја прекинувам денешната седница.

Седницата ќе продолжи утре со почеток во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 16,45 часот)